магазин за
На 68 страници
Година 2 Број 5
Јули 2023 г.
Цена 150 ден.

# ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ

ТУРИЗАМ • БИЗНИС • ОБРАЗОВАНИЕ • КУЛТУРА • ЖИВОТ • СВЕТ • ДИПЛОМАТИЈА



**МЕГАИНТЕРВЈУ**

## М-Р МАРИНА БАДАРОВСКА

**Генерален менаџер на „Казино Фламинго Хотел“**

## *На Македонија ѝ е потребно министерство за туризам*

**РЕПОРТАЖА**

**Катар - земја со најбрзорастечка економија**

**КОЛУМНА**

**Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска**
**Децата потрошувачи како таргет на различни маркетиншки кампањи**

**ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД**

**Интервју со Маријана Петир, европратеничка**

ISSN 2671-3934





## ИМПРЕСУМ

Издавач:
**Универзитет Скопје**

Одговорен уредник:
**М-р Билјана Трендафилова**

Лектор:
**М-р Милица Петрушевска**

Фотографија:
**М-р Горан Каровски**
**Дејан Огненовски**

Технички уредник:
**М-р Марина Стојмирова**

Печати:
**БАТО & ДИВАЈН Графички Центар**

Тираж:
**500 примероци**

Контакт:
**МАГАЗИН ЗА ТУРИЗАМ И МЕНАЏМЕНТ**
**+ 389 2 3093 209**
**www.magazinturizam.mk**
**info@magazinturizam.mk**

# СОДРЖИНА




**Одблиску со главниот уредник м-р Билјана ТРЕНДАФИЛОВА** 3



МЕГАИНТЕРВЈУ: М-р Марина БАДАРОВСКА, **генерален менаџер на хотел Фламинго** 4



ОБРАЗОВАНИЕ: **Семејството и родовата еднаквост** 10



КОЛУМНА: **Доц. д-р Ангела МИЛЕНКОВСКА-КЛИМОСКА,** професор на Универзитет Скопје 20



ЕКОНОМИЈА: **Каква туристичка сезона ни претстои?** 24



МОЈА ОПШТИНА: **Интервју со градоначалникот на Кратово, Тодорче НИКОЛОВСКИ** 30



РЕПОРТАЖА: **Катар - земја со најбрзорастечка економија** 36



ДУРБИН: **Роденден на Општина Кисела Вода** 44



ИДНИНА: **Разговор со Даниела ДИМИТРОВСКА, дипломец на УТМС** 50



ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД: **Интервју со Маријана ПЕТИР, европратеничка** 56



КОМПАРАЦИЈА: **Каде на Балканот може да се наточи најевтиното гориво?** 62

ЗПГМ ЗПГМ

# ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРОФЕСОРИ ПО ГЕОГРАФИЈА НА МАКЕДОНИЈА „ПРОФ. Д-Р ЉУБЕ МИЛЕНКОВСКИ“ – СКОПЈЕ




*Извор: https://www.wallpaperpass.com/download-map-wallpaper-114/*



М-Р БИЛЈАНА ТРЕНДАФИЛОВА

# НАМЕСТО СТИМУЛ, КАЗНИ ЗА БИЗНИСОТ?

*Наместо борба со сивата економија и санкции за оние кои не издаваат фискални сметки, власта удира по грбот на фирмите и граѓаните кои редовно плаќаат даноци. За лојалните плаќачи на обврските и на даноците, власта скрои нов солидарен данок.*

*Бизнис-заедницата побара целосно стопирање на даноците, но Владата не ги послуша, па наместо преку дебата, ги турка законите по скратена постапка.*

*Со даночната реформа, државата планира да собере дополнителни 140 милиони евра во буџетот, од кои половина ќе бидат од солидарниот данок, а останатите од ДДВ и од данокот на добивка.*

*Бизнис-заедницата реагира дека законското решение ги казнува и дополнително ги оптоварува компаниите кои важат за најголеми плаќачи на даноци и кои го полнат буџетот. Советот на странски инвеститори веќе алармираше дека нивните компании размислуваат своите бизниси да ги лоцираат во соседството, каде што немало вакви или слични законски решенија.*

*Додека бизнисот упорно алармира дека солидарниот данок и тоа како ќе им ги наруши плановите и ќе ги одвлече странските инвеститори од вложување во земјава, Владата уверува дека парите од солидарниот данок одговорно ќе се трошеле за справување со негативните последици од енергетската и од економска криза. Останува отворено прашањето дали зголемувањето на даноците треба да биде прва или последна опција за власта да собере нови пари во државната каса?*

# МЕГАИНТЕРВЈУ
# М-Р МАРИНА БАДАРОВСКА
## Менаџер на „Казино Фламинго Хотел“



# БАДАРОВСКА: НА МАКЕДОНИЈА Ѝ Е ПОТРЕБНО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТУРИЗАМ

*„Не треба да имате море за да имате добар и развиен туризам. Треба да имате содржина. Македонија има огромен број природни богатства, инфраструктура и, најважно, ние сме домаќински народ, топли, кротки луѓе, сакаме да им угодиме на гостите. Тоа ниту едно море не може да го замени. Значи, предуслови има, но стратегија нема. Можеби вака, ако дозволите да размислувам на глас, потребно ни е дури и министерство за туризам“*, вели Марина Бадаровска, менаџер на „Казино Фламинго Хотел“.

Таа е жена во светот на мажите. На оваа позиција е 10 години и за неа не постои тешка работа туку успешна приказна. Бадаровска за своето образование му е благодарна на Универзитетот Скопје, каде што има дипломирано и магистрирано.


MANAGEMENT
HOTEL OPERATIONS
MICHAEL J. O'FALLON
HOTEL MANAGEMENT and OPERATIONS

**Вие сте една од жените за кои зборот „не можам“ не постои во речникот. Темпераментна, посветена и со позитивен дух. Жена во светот на мажите. Во моментов сте директор на „Казино Фламинго Хотел“, кој се наоѓа во Гевгелија. Колкав беше предизвикот уште од првиот ден да се менаџира еден хотел и дали е сѐ уште исто тоа чувство?**

Работам со страст и со посветеност, тоа не ме напуштило од денот кога започнав на оваа позиција. Го сакам тоа што го работам, ме мотивира, ме предизвикува, го живеам. Затоа можеби и немам некоја поделба на време поминато на работа и приватно време, за мене постои само квалитетно потрошено време. Голем дел од времето во текот на денот ѝ е посветено токму на работата. Дополнително, секогаш денот го почнувам со слоганот што ме води цела декада во „Казино Фламинго Хотел“: да си менаџер на хотел не е работа, тоа е начин на живот.

Одговорноста што ја носам во рамки на целата австриска групација „Новоматик“ како менаџер на хотел, а особено во „Казино Фламинго Хотел“, сама по себе не признава „не може“. За да се издржи таа одговорност и за да се одработат добри резултати, тој став треба да е природен, карактерен, вроден. Јас тоа го имам од кога паметам за себе. За мене во деловниот свет постојат успешни и неуспешни, а никако поделба на мажи и жени. Доказ за тоа е машкиот свет на менаџери кој е мојата деловна средина повеќе од 10 години. Во оперативниот менаџерски тим на „Фламинго“ сум единствена жена-менаџер и можам да кажам дека одлично функционирам.

**Хотелот се наоѓа во Гевгелија, во транзитна зона важна за македонскиот туризам, особено во летниот период, бидејќи привлекува голем број странски туристи. Покрај туристи од Грција, од кои други држави имате посетители?**

Австриската мултинационална компанија „Новоматик“ стана сопственик на „Казино Фламинго Хотел“ пред 10 години, со јасна визија и стратегија за развој на овој објект во Гевгелија. Една од првите мерки беше да се отворат вратите за македонските гости и, воопшто, за сите оние кои сакаат да се забавуваат и да имаат животен стил со таков еквивалент. Секако, покрај домашните, голем е бројот на гости од Грција, Албанија и Турција и мал процент од Германија, Израел и други транзитни туристи.

**Што е потребно да направат надлежните институции, според вас, за да се привлечат повеќе туристи во нашата држава? Кои се најголемите забелешки на гостите за нашата земја?**

Интересно прашање за кое сум имала можност да разговарам, да дебатирам и во некаква рамка да предлагам идеи и проекти. Туризмот е многу сериозна и широка гранка на која во нашата држава се гледа со помалку внимание и доза на потценување на можностите кои стојат на располагање. Не треба да имате море за да имате добар и развиен туризам. Треба да имате содржина. Помина времето на лежење и „печење“ на плажа. Сега се бара искуство, а за искуство не е потребна само голема вода околу тебе, море, океан, езеро. За искуство е потребна енергија и емоција. Македонија има огромен број природни богатства, инфраструктура и, најважно, ние сме домаќински народ, топли, кротки луѓе, сакаме да им угодиме на гости. Тоа ни едно море не може да го замени. Значи, предуслови има, но стратегија не баш. Според мене, треба да се завртиме кон самите нас, да погледнеме што сѐ имаме како потенцијал и да се зафатат надлежните органи и институции да кројат планови и стратегии. Можеби вака, ако дозволите да размислувам на глас, потребно ни е дури и министерство за туризам.

**Во Македонија сѐ уште е мал процентот на жени-менаџери. Мажите го држат приматот, како на високи работни позиции така и со висина на плата. Колку е тешко**

**да се биде на оваа работна позиција, да решавате различни ситуации, а, најважно, да се грижите за голем број вработени?**

Навистина не би сакала да звучам феминистички, но да, така е. На дамите, како некое непишано правило, потребно им е два до три пати повеќе да сработат, а исто толку пати помалку плата да земат, а сепак, да сме еднакви. Во менаџерскиот тим каде што јас работам, нема разлика машки - женски менаџмент.

Верувајте, голем е предизвикот да водиш 300 вработени, а уште поголем предизвик е твојот тим да ги задоволи големите очекувања на нашите казино-гости кои се во побарувањата и во потребите многу различни од хотелски гости. Како за илустрација, земете предвид дека нашите објекти работат со гости 24 часа, цела година, непрекинато, време во кое морате без исклучок да им ги задоволите потребите на сите оние што дошле кај вас и ви ја дале довербата.

**Некои истражувања покажуваат дека жените се подобри како менаџери отколку мажите. Дали се согласувате со оваа теза и што е потребно за една жена да може да „плива“ во светот на бизнисот?**

„Ако сакаш нешто да биде кажано, прашај маж, ако сакаш да биде завршено прашај жена“, рекла Маргарет Тачер. Сметам дека ние жените во практика сме поконструктивни, попрагматични и поефикасни. Барем мојот карактер е препознатлив по упорноста и по ведрината и во корелација со тоа што претходно го кажав, се постигнуваат одлични резултати.

**Ова е време на најголемата економска криза. Како успевате да се справите за време на оваа тешка година?**

Во мојот, но и во нашиот корпоративен речник, не постојат зборовите тешко и криза. Лесно не е, но кога се има предизвик, план и работа, резултатите и прогресот се тука. Сметам дека како менаџмент кој ја има максималната доверба од Виена сме многу



Бадаровска: „Да си менаџер на хотел не е работа, тоа е начин на живот.“

свесни, „газиме на земја“ и секогаш гледаме на проблемите како на предизвици. Тоа е клучот со кој „Новоматик“ во Македонија е еден од поголемите учесници во буџетот со плаќање даноци и придонеси, односно, поедноставно кажано – успешна компанија која има визија за успех во континуитет.

**Еден сериозен предизвик за компаниите кои работат во Македонија е кадарот. Сè повеќе работници заминуваат на сезонска работа надвор од државата. Колку е тешко да се најдат квалитетни работници и како успевате да ги задржите да не заминат од работната позиција?**

Од моето искуство можам да извадам заклучок дека оној кој решил да замине, не можеш да го спречиш. Но, секако дека можеш да се обидеш да го мотивираш. Токму затоа одливот на работна сила е фактор на кој многу сериозно и посветено работиме. Една од мерките со кои сметаме дека е можна дополнителна мотивација и подигнување на нивото на лојалност кај вработените е одлуката на управата на „Новоматик“ за воведување систем на бонуси на квартално ниво.

**Како Вашето образование Ве подготви за вашата работна позиција?**

Навистина интересно прашање. Кога станува збор за формалното образование, можам да заклучам дека еден од пресудните моменти беа студентските денови на практична работа. Така, за време на третата година од студиите на Факултет за туризам и менаџмент, бев на практична работа во хотел како дел од кујнскиот персонал. Работата и атмосферата, со целокупната своја динамика и систем во кој секоја алка има своја вредност и тежина и без неа не се може, ме импресионираа, додека видливите резултати во форма на подготвена храна ме мотивираа. Токму таму се заљубив во хотелскиот менаџмент. Кога го гледав хотел-менаџерот, си ветив – јас ќе бидам ова. Продолжив на постдипломски студии на Универзитетот Скопје, на отсек менаџмент.

Практичното искуство стекнато во хотел во Грција, „Aegean Melathron“, во 2009 година беше „отскочна штица“ за мојот кариерен развој, она што сум денес, и постигнатите резултати кои зборуваат за тоа. Едноставно – се пронајдов себеси во хотелскиот менаџмент, а доказ за тоа дека кога нешто правите со љубов и од срце, ќе бидете и успешен, е мојата кариера во оваа индустрија повеќе од 10 години.

Морам да напоменам дека учењето не престанува со напуштањето на студентските клупи. Од суштинска важност е и формалното и неформалното образование. Водена од оваа девиза, континуирано вложувам во себеси и секојдневно ја надоградувам својата личност во различни сфери.

**Покрај посветен менаџер, Вие, пред сè, сте мајка на прекрасно девојче. Оваа работна позиција бара голема жртва. Како успевате да бидете успешни и на двете места? Како се прават компромисите?**

Во текот на формалното образование, па и понатаму, низ животната школа, континуирано учиме дека мора да се направи добар баланс помеѓу приватниот и професионалниот живот. Понекогаш не е едноставно и ми недостига време, некој час повеќе да поминам со мојата ќерка. Сепак, сите ние имаме различни улоги во кои дејствуваме секојдневно, а за да бидеме целосни и комплетни личности кои ќе можат да се фокусираат и да изградат здрави индивидуи од своите деца, пред сè, неопходно е ние, родителите, да сме здрави, исполнети и реализирани личности, пример за децата. Така што, сметам дека времето што го поминувам на работа е за заедничкото добро, за нас.

**Досега имате добиено и многу награди и признанија за Вашата успешна работа. Дали може да издвоите кои Ви се најдраги?**

Секое добиено признание е доказ за тоа дека работиме на себеси и на нашиот развој и дека сме на вистинскиот пат, без разлика во која

сфера. Секое од нив има особена важност за мене лично. Како исклучително драги можам да ги издвојам оние кои доаѓаат во форма на професионален комплимент – кога знам дека гостите ми се задоволни, насмеани и среќни и кога повторно ни се враќаат. Секако, подеднакво важни и значајни се и оние кои пристигнуваат од мојата непосредна околина, од семејството, пријателите, колегите, соработниците, оние кои се сведоци на мојата еволуција низ годините, приватно и професионално. Сето ова за мене е еден дополнителен поттик да продолжам посветено да работам на мојот личен развој.

**Бадаровска: „Од суштинска важност се и формалното и неформалното образование."**



# МПЦ ВО ОДБРАНА НА СЕМЕЈСТВОТО



## Спорните закони го поделија народот: МПЦ во одбрана на семејството, другите на „европските вредности“

**Закон за родова еднаквост и Закон за матична евиденција. Навидум закони како и секој закон. На прв поглед, перцепцијата кај сите граѓани е носење законски решенија кои имаат за цел да ја уредат и да ја подобрат состојбата во одредена област.**

**Но, како гром од ведро небо, овие два закона за миг предизвикаа огромни контроверзии, драстична поделеност во општеството, навреди, лоши квалификации и погрдни зборови во јавноста и на социјалните медиуми.**

Поддржувачите на законите, како и дел од претставниците на невладините организации ги нарекоа мрачни, грозни и непрогресивни оние кои застанаа против овие законски решенија, како МПЦ која е отворено против носењето на законите за родова еднаквост и матична евиденција, а која ги оквалификува како „несреќни“.

Од една страна, заговорниците на овие измени сметаат дека ќе се дадат поголеми права и еднаквост, додека противниците се на став дека се удира по семејството и даденото




**Сенароден собир под мотото „Имаме должност“ во организација на Македонската православна црква.**
*Извор: 360 степени*

од Бога, мажот и жената, кои се два посебни рода и пола.

### За што всушност се работи?

Законот за родова еднаквост и Законот за матична евиденција се два посебни закони. И двата се занимаваат со човековите права.

Од предлогот кој беше претставен од владините претставници, беше кажано дека целта на **Законот за родова еднаквост** е унапредување на положбата на жените во општеството, како и да се зголеми видливоста и посветеноста на институциите кон прашањето за родова еднаквост.

**Законот за матична евиденција**, пак, го третира родовиот идентитет, односно можноста на трансродово лице да може да ја смени ознаката во матичниот број онаму каде што се обележува родот, со нотарска изјава, без услови дека мора прво да го смени полот.

Противниците на овој закон сметаат дека со овој закон прикриено се овозможува замена на терминот пол со терминот род, со цел да се дојде до крајната цел – релативизирање на половите.

Алармот за опасноста од носењето на овие закони најпрво го вклучи епископот Јаков Стобиски, кој на трибина кажа дека овие закони ни носат еден чудовишен конструкт.

**„Родот како атрибут на полот, како социјален конструкт на полот, не го одвојуваме од полот и аналогно на тоа, ако има два пола, има и два рода. Овие закони ни носат еден чудовиштен конструкт, отвораат една Пандорина кутија, секој ден да излегуваат разно-разни родови, секој да биде што ќе посака. Тоа е нешто на што не сме навикнати, не го сакаме и не го прифаќаме“**, изјави тој.

Предлог-законот за „родовата еднаквост“

е најголемото зло и опасност за жената во нејзиниот стремеж кон рамноправноста, но и легализација на насилството врз сето она што означува и претставува жената од страна на транс-жените т.е. биолошки мажи и трансродовата идеологија, и сето тоа под превезот на некаква „борба“ против насилството врз жените, истакна епископот Стобиски Јаков, на трибината во организација на Фондацијата „Елеуса“.

**„Начинот на кој овие два предлог-закона ги третираат поимите род и родов идентитет правејќи остра дистинкција помеѓу поимите пол и род, за биолошките, вистинските жени не значи изедначување, не означува социјална, политичка, економска рамноправност за која отсекогаш се залагал феминизмот, што по мене е убаво и симпатично, но и неопходно. Напротив, цел на предлог-законот за родова еднаквост е сето она што значи жена во најпозитивен контекст да го сведе на конструкт во нечија глава и на внатрешно субјективно чувство, кое што не само што не се потпира на биолошката реалност, туку целосно ја негира. Ако го прифатиме ова лудило во форма на закон и ако почнеме да ја градиме објективната реалност на основа на нечии внатрешни, субјективни чувства, ќе отвориме врата за една широка и сеопфатна психопатологија“**, вели Викарениот Епископ Стобиски г. Јаков.

По жестоките реакции „про“ и „контра“ законите, невладините заедно со владините претставници се втурнаа во дообјаснување на законите, но и за тоа што е пол, а што е род.

**Која е разликата помеѓу род и пол (објаснување преземено од Википедија)**

Кога зборуваме за пол, зборуваме за биолошките и физиолошките разлики меѓу мажите и жените. На пример, разликите во хормоните, разликите во половите органи и секундарните полови карактеристики (брада, мустаќи и истакнато Адамово јаболко кај мажите, гради кај жените).

Кога зборуваме за род, зборуваме за општествените, културно одредените разлики меѓу мажите и жените, врските меѓу нив и различните очекувања и улоги кои им се наметнуваат на мажите и на жените. Овие разлики не се фиксни, се менувале и ќе се менуваат со текот на времето. Исто така, не се вродени. На пример, очекувањата дека жените се грижат за децата, а мажите заработуваат или дека жените се нежни, а мажите се насилни. Од овие разлики произлегуваат и родовите улоги и родовата нееднаквост. Тие се еднакво штетни за психосоцијалниот развој и на мажите и на жените.

Родовиот идентитет се однесува на личното чувство, на сопственото доживување како маж, жена, ниту едното или и двете. Кај повеќето луѓе личното чувство за родот се совпаѓа со полот назначен при раѓањето, т. е. повеќето биолошки мажи се чувствуваат како мажи. Овие луѓе се цисродови. Луѓето кај кои личното чувство за родот не се совпаѓа со полот назначен при раѓањето се трансродови. Некои од трансродовите луѓе сакаат медицински да го приспособат својот пол со помош на хормонска терапија и/или хируршки зафати (познати во минатото како терапии за промена на полот). Медицинското приспособување на родот не е својствено за сите трансродови луѓе, некои сакаат само делумна физичка трансформација или само промена на личните документи, стои на Википедија.

Но, црквата за овие закони беше гласна како никогаш досега. МПЦ е на став дека на ваков начин жената ќе биде сведена на поткатегорија и ќе биде изедначена со мажи кои никогаш нема да бидат жени во вистинска смисла на зборот. За да укаже на опасноста од носењето на овие закони, Македонската православна црква организираше сенароден собир, на кој доби и масовна поддршка од граѓаните од цела Македонија.

На собирот кој се одржа под мотото „Имаме должност", присуствуваа неколку илјади граѓани од Скопје и од другите градови од земјата. „Зачувајте ја фамилијата", „Заштитете ги децата", „Да за мама и тато, а не за родител 1 и родител 2", „Вера, традиција, семејство", беа само дел од паролите кои ги истакнаа собраните граѓани на собирот, а на кој се обрати поглаварот на Македонската православна црква, г. г. Стефан.

**„Еве нè – чедата на Македонската православна црква, собрани заедно со претставници на сите цркви и верски заедници, за да му кажеме ‚да' на животот, за да ја возгласиме светоста на семејството оформено од еден маж и една жена, за да кажеме дека ќе ги браниме нашите најмили – децата, од неприфатливи и наградувачки нови идеологии. Собрани сме за достоинствено и радосно да го покажеме нашето прегрнување на сиот свет како Божјо творение и да кажеме дека Црквата ниту сега, ниту кога било, не протестира против некоја личност и не отфрла никого. Па, самиот нејзин живот и начин на постоење е непрестаен бунт, но не бунт против човека, туку против злото, против гревот и против смртта, во кои, за жал, пред нашите очи запаѓа светот. Единствена цел на Црквата е да го љуби и да го преобразува овој свет, но не поистоветувајќи се со него. Затоа и не се чудиме кога светот, од своја страна, не ја прима Црквата, туку ја отфрла како нешто што му е туѓо. И не само што не се чудиме, туку и не се грижиме, знаејќи дека самиот Христос рекол: ‚Да бевте од овој свет, тогаш светот ќе го љубеше своето, но бидејќи не сте од светот, туку Јас ве избрав од светот – затоа светот и ве мрази'.**

**Затоа, не треба да нè плашат бурите кога ќе се разбранува морето на овој**




„Да за мама и тато, не за родител 1 и 2", порака од граѓаните.
*Извор: 360 степени*

**свет, туку, напротив, тоа треба само да нѐ потсетува дека овој свет не е нашата крајна цел, и да нѐ охрабрува за да продолжиме кон сигурното пристаниште во љубовта на нашиот Бог. Не треба да веруваме во подобар свет ако во него нема место за Христа! А новото руво на исконската измама е дека Црквата треба да го прекине своето патување кон есхатонот и да остане тука – во времето и во историјата, бидејќи овој свет ќе стане рај без Бога, а човекот – бог без Бога, па ќе може да го пресоздава светов и веков согласно критериумите на својот отпаднат од Бога ум и спротивно на поредокот вграден во природата од Создателот“**, истакна Архиепископ Охридски и Македонски, г. г. Стефан.

МПЦ стравува дека со усвојувањето на овие закони ќе се отвори Пандорината кутија, и секој ќе може да си го дефинира родот независно од полот. За Црквата има два пола – машки и женски и аналогно на тоа и два рода – машки и женски.

**„И, кога најдобронамерно и секогаш љубовно и ненаметливо ќе кажеме нешто, се обидуваат да нѐ замолчат со промена на тезите за секуларниот, односно световен карактер на државата, секогаш, како по правило, толкувајќи ја секуларноста спротивно на Уставот на државата, а во кој Црквата и останатите верски заедници спомнати во него, имаат свое место и свои загарантирани права. Впрочем, секуларно општество не значи и безбожно општество! Ние немаме ништо против секуларниот менталитет на кој било поединец, па и на самото општество, но, се прашуваме: дали тоа значи да се изопшти Црквата од општествениот живот!? Имено, свесни сме за плановите, намерите и желбите на организации и движења кои до таа мера зајакнаа во нашето општество што, некои од нив, навлегоа во државните институции, та и закони ни пишуваат! Закони, токму како оние два несреќни закона за родова еднаквост и за матична евиденција, кои насила и спротивно на нашата волја не само што целат да ја секуларизираат Црквата, туку и да ја присилат да зборува и да се изразува со јазикот на некаков си светски поредок кој им е туѓ на словото и на духот на Апостолите, на светите отци и на Светото евангелие. Затоа што самата Црква е мајка која во болка ги раѓа своите чеда не за смрт и не за овој свет, туку за живот вечен и за царство небесно, ние сосема ги разбираме загриженоста и стравот на секого, а особено на родителите, од неизвесната иднина за своите деца, за децата на нашата Македонија, ако тие два закона или некакви си нови, ним слични закони, станат обврзувачка реалност“**, вели архиепископот.

Според него, светот го окупира и го покорува нова идеолошка пропаганда, се подметнува поимот „род“, а жените во Македонија не сакаат лажна еднаквост.

**„Ќе потсетам: Црквата живее во Духот и во Вистината! Во истиот оној Дух што слезе на неа на Педесетницата и ќе остане во неа до крајот на вековите! Нејзиниот пат, живот и вистина е самата нејзина глава – Богочовекот Христос! Тој рекол: ‚Ќе ја познаете вистината, и вистината ќе ве ослободи‘. А низ историјата Црквата пресретнала и надживеала многу идеологии и многу лажни вистини кои му ветувале ослободување на човекот. Честопати Црквата својата Вистина ја сведочела со маченичка крв, наспроти временито карактер на вистините на овој свет. Денес, светот го окупира и го покорува една нова идеолошка пропаганда, на која еве и овде, во нашето општество, ѝ го гледаме вистинското лице. Ни се подметнува поимот ‚род‘, поим кој е свесно избран,**


Обраќање на г. г. Стефан на собирот.
*Извор: youtube*

поради тоа што во нашиот јазик и сфаќање има најчесто убав контекст, но во намерите на родовите теоретичари и идеолози, тој не носи ништо добро. Вистината, возљубени во Господа, секогаш ослободува! Таа никогаш не покорува и не заплашува! Вистината нема потреба да граби за морална супериорност, притоа искористувајќи ги жените и децата за да биде прифатена, како што тоа го прават некои современи конвенции, налик на Истанбулската, кои, под плаштот на заштита на жената, сакаат да ни подметнат нешта кои ќе ја загрозат и ќе ја повредат токму жената, која е столб на семејството, а со тоа и столб на општеството. Затоа и денес сме собрани тука: јасно и гласно да ја кажеме вистината, наспроти професионалните експерти за менување тези, кои се занимаваат со сè останато, а најмногу со тоа што мисли Црквата за жената, само не со заштита на женските права.

Со векови, во својот поглед кон жената, Црквата стои со свештен трепет. Жената, во учењето и во животот на Црквата, не само што не е немоќна, туку напротив, токму таа во Своите кревки мајчински раце Го држи Оној што ја одржува во постоење сета вселена – семоќниот Бог. Пред таа сила треперат и ангелите и луѓето! Токму таа на Своите гради Го храни како мало дете Оној што му дава храна на секое тело. Токму жената, и особено жената-мајка, му ја дава надежта на светот – љубовта. А љубовта секогаш е несебична, жртвено себепринесувачка, и токму поради тоа, во нашата претстава, жената е икона на љубовта, и затоа, да не дозволиме мајчинството да биде осквернето со нечии новоисковани поими. Велат дека ќе ја ослободат жената



Г. г. Стефан: „Да не дозволиме мајчинството да биде осквернето со ничии новоисковани поими.“
*Извор: Религија*

**од стегите на Црквата и од прангите на патријархатот, а во реалност ја сведуваат на поткатегорија, изедначувајќи ја со мажи кои никогаш нема да бидат жени во вистинската смисла на зборот, и токму на тој начин му даваат легитимитет на насилството врз жената.**

**Жените во Македонија, верувам, не сакаат таква лажна еднаквост и такви лажни права, и не сакаат да ги ослободувате од Црквата, бидејќи токму во Црквата ја живеат својата вистинска слобода. Црквата е преполна со смели, самостојни, успешни и реализирани жени, кои во Црквата доаѓаат радосно и слободно, и во ова време сè повеќе гледаат во мајката Црква сигурно засолниште од овој заразен бунт против поредокот востановен од Создателот. Впрочем, еве, голем дел од вас, жените, и вечерва сте тука, дојдени од сите краеви на Македонија, за да посведочите дека не го сакате ропството што некој го нарекува слобода – ниту за себе ниту за своите деца. Па, токму во вас, возљубени баби, мајки, сопруги, сестри и ќерки, ја чуваме надежта за подобро утре, поради тоа што секогаш кога било најтешко, а тоа е тогаш кога треба да се стои стамено под крстот, жените стоеле и достојувале и во Евангелието Христово, и во историјата на нашиот македонски народ и кај сите богољубиви народи. Затоа и веста за радоста на Воскресението е дар за сиот човечки род најпрво пренесен токму преку жените. Оттаму, во свеста на Црквата жената е Богородица и апостол на Воскресението и на вистината за Христа“**, порача г. г. Стефан.

Тој се осврна и за наставата во училиштата, упатувајќи критики кон родовите теми во учебниците, апелираше да престане унаказувањето на образовниот систем со родова идеологија и со сексуализација на нашите најмлади и праша до кога нашите деца ќе учат од учебници чии што содржини се диктирани од туѓи држави и од туѓи центри

**„Самиот Господ Христос порачува:**




„Од здраво семејство до здраво општество", порака од граѓаните.
*Извор: 360 степени*

**,Оставете ги децата и не бранете им да доаѓаат при Мене, зашто на такви е царството небесно'. Но, оваа идеологија, несомнено, е една од најтоталитарните што ги видело човештвото досега, и, речиси, како ниедна друга во историјата се има насочено директно против оваа Христова заповед и против децата. Па, ако децата се иднината на светот, тогаш кој друг сака човекот да нема иднина, ако не оној за кого знаеме дека е непријател од почетокот. Но, сведоци сме, веќе неколку години, за реформите што се направија или се прават во образовниот систем и кои галопирајќи трасираат пат за таканареченото родово-сензитивно образование, кое треба да кулминира со сеопфатно сексуално образование. Во нашите училишта без согласност на родителите се делат наставни листови кои промовираат хомосексуалност и истополови бракови... Апелираме да престане унакажувањето на образовниот систем со родова идеологија и со сексуализација на нашите најмлади, да престане крајно неприфатливото лишување на родителите од нивните родителски права и на децата од нивното детство. И, конечно, до кога нашите деца ќе учат од учебници чии што содржини се диктирани од туѓи држави и од туѓи центри? А што да се каже за веронауката во нашето образование?! Дваесетина години се потценети и предметот, и предавачите, и Црквата со верските заедници и сите ние. Само во Македонија, за разлика од повеќето земји во Европа, кон која стремиме, како и од сите поранешни југословенски републики, само од македонското образование, со мали исклучоци е ,избркан' Господ. Ете, таков ни е односот кон верата и кон Бога!"**, потенцираше г. г. Стефан.

Робови на луѓе нема да станеме, а верата ќе опстои до крајот на вековите и силните на денот нема да ја надвладеат, порача на крај г. г. Стефан во својот говор.

**„Но, најголемиот дар Божји даден на**

**човекот е токму слободата. Во неа слободно и непринудно избравме да ги љубиме Бога и човекот, не исклучувајќи ги и непријателите, коишто, впрочем, ни се непријатели затоа што тие нас нè сметаат за свои непријатели, а не затоа што ние ги сметаме нив за наши непријатели. Ние сега сме доведени во состојба да се бориме за правото на мислење, правото на говор и правото слободно да ја браниме својата вера. Знаеме многу добро чии слуги сме и кој е нашиот Господ. Робови на луѓе не можеме и нема да станеме, особено не тогаш кога се подготвува пат за нови ‚вери' и нови ‚богови', кои во одредени свои постапки, како што гледаме на многу места од светот, се однесуваат тоталитаристички. Верата ќе опстои до крајот на вековите и силните на денот нема да ја надвладеат, но ние мораме да им останеме верни на учењата што ни ги пренесоа нашите предци. Затоа, возљубени присутни, чеда на Македонската православна црква, на Католичката црква, на протестантските цркви и на Еврејската заедница, ве замолувам вас и сите луѓе со добра волја, непоколебливо да опстојуваме во нашата праведна борба за одбрана на семејството и за запазување на ликот Божји во човекот. Дај Боже да опстоиме, за да постоиме!"**, изјави г. г. Стефан, Архиепископ Охридски и Македонски.

МПЦ по однос на ова прашање доби поддршка и од Исламската верска заедница.

**„За Исламската верска заедница (ИВЗ) се неприфатливи законите за родова еднаквост и матична евиденција. Напоменуваат дека се за заштита на традиционалните семејни вредности и по структура и по морал. Заштитата на семејството и човечкиот ген е основен принцип од кој не можеме да се дистанцираме, бидејќи тоа е срцта на едно здраво општество"**, се наведува во соопштение на ИВЗ пратено до медиумите.

На бината за време на собирот, беа присутни повеќето од високодостојниците од МПЦ-ОА, како и бискупот на македонската Католичка црква, Киро Стојанов, а на присутните им се обрати и академик Катица Ќулафкова, која рече дека Законот не е одржлив и дека се мешаат поимите пол и род.

Новиот предлог-закон за родова еднаквост се повикува на правата на жените, но суштински се фокусира на правата на трансродовите индивидуи, рече академик Катица Ќулавкова во обраќањето на протестот на МПЦ-ОА. Таа во својот говор предупреди дека приказната не е наивна и дека се прави конфузија со поимите пол и род.

**„Се прави конфузија помеѓу поимите пол и род. И во самиот Закон за родова еднаквост се мешаат категориите пол и род, поради што законот не може да биде одржлив. Трансродовата концепција поттикнува променливост на идентитетот. Ги загрозува правата на жената. Конфликтна е и се служи со говор на омраза. Трансродовата приказна ги релативизира идентитетите до тој степен што ги укинува"**, рече Ќулавкова.

Ќулавкова не разбира зошто треба да се парадира со интимата. Според неа, благородната идеја за отстранување на дискриминација поради еротизам се претвора во портал за влез во изопачен свет.

**„Неолибералниот наратив на виножитото требаше да ги симболизира нијансите на идентитетот, со цел да нема дискриминација, а за жал воведува нова дискриминација. Бесконечна трансродност и нетрпеливост за хетеросексуалните идентитети"**, рече Ќулавкова.

Во својот говор на собирот, академик Ќулавкова рече на Западот се случува позитивна дискриминација по трансродова основа и дека се доделуваат финансии на




**Ќулавкова: „Новиот предлог-закон за родова еднаквост се повикува на правата на жените, но суштински се фокусира на правата на трансродовите индивидуи.“**
*Извор: 360 степени*





проекти што ги засегаат трансродовите лица. Според неа, приоритети на ЕУ стануваат трансродовите идентитети, а тоа се бара и од аспирантите за членство и земјите-членки.

И додека лидерите на петте верски заедници во земјата преку заедничко соопштение реагираа дека се неприфатливи легалното признавање на „родовиот идентитет“ во овие закони, како и збунувачкото разликување меѓу полот, родот и родовиот идентитет, во јавноста има различни информации за тоа до каде е постапката со овие закони.

Пратеници тврдат дека Законот за родова еднаквост е повлечен, а Законот за матична евиденција е во собраниска процедура, поднесен е во редовна постапка и се чека свикување на комисија. Од друга, страна владини претставници велат дека Законот за родова еднаквост е сè уште во консултативен процес и се водат дебати и расправи, а Законот за матична евиденција бил повлечен уште минатата година на доработка.

Министерката за труд и социјала политика, пак, Јована Тренчевска, деновиве е прилично присутна во медиумскиот простор бранејќи ги двата закона.

Инаку, Македонија во 2019 година пред Европскиот суд за човекови права изгуби спор со трансродово лице. Во пресудата што ја доби лицето Икс против Македонија на Судот за човекови права во Стразбур, главната обврска е државата да донесе таков закон за матична евиденција.

Измените на законот се повикуваат на предлозите на Парламентарното собрание на Советот на Европа правно да се признава родот „засновано на самоопределување“ преку укинување на стерилизацијата и други задолжителни медицински третмани.

Покрај МПЦ, еднакви противници на законите за родова еднаквост и матична евиденција се ДУИ и ВМРО ДПМНЕ, а очигледно силна поддршка нема ниту од СДСМ. Во општината Струмица на пример, со 23 гласа „за“ едногласно беше изгласано дека во новата Стратегија за млади што се носи во општината се исфрла терминот „родова еднаквост“ и наместо него ќе стои „еднаквост меѓу мажите и жените“. По ваквата одлука, имаше негативни реакции од невладините поборници на овие закони.

# КОЛУМНА

**Пишува: доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска, професор на Универзитет Скопје**



# ДЕЦАТА ПОТРОШУВАЧИ КАКО ТАРГЕТ НА РАЗЛИЧНИ МАРКЕТИНШКИ КАМПАЊИ

Влијанието на масовниот маркетинг кој се користи како средство за промоција на нов производ, не ги поштедува ниту децата кои живеат во Македонија. Формирањето став кон одреден производ или услуга уште во најрана возраст како резултат на тоа што се купува од нивните родители е навистина влијателен фактор во понатамошното однесување како потрошувачи. За таа цел, потребна е точно дефинирана маркетиншка стратегија за комуникација која треба да биде утврдена преку детални анализи и истражувања на пазарот.

Во секое општество, децата се важен демографски сегмент. Следствено на тоа, таргетот на секоја добро организирана стратегија за маркетинг треба да биде прецизно дефиниран.

Секојдневно бројот на производи кој е наменет за децата е огромен. Како родители, постојано се соочуваме со безбројните потреби на децата, поттикнати од она што го виделе на ТВ, го имало нивното другарче, тоа што го виделе во супермаркети и сл. Компаниите мошне вешто користат и детски лик за свое рекламирање на производот што не е случајно избран. Промовирањето производи и услуги наменети за деца, подлежи на сериозни анализи и истражувања од страна на огласувачот. Во зависност од изборот на компанијата, зависи и како промотивната активност ќе биде перципирана од страна на целните групи.

Користењето детски лик, пак, влијае на емоционалната интелигенција на потрошувачите, односно им се обраќа на родителите и возрасните искористувајќи ја нивната емоционална приврзаност кон детето, со цел да се постигне поистоветување на младиот карактер со оној во рекламната порака. Во зависност од изборот на детскиот лик кој се појавува во рекламата, зависи и




Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска, професор на Универзитетот Скопје.



какво значење имаат производот, услугата и рекламата воопшто за оној кој ја погледнал. Карактерот на детето на различни возрасни стадиуми се користи масовно во рекламните пораки на компаниите, без разлика како вид производи и услуги се промовираат. Родителите често пати вложуваат многу енергија со цел да ја интерпретираат пораката која детето ја пренесува при маркетиншката комуникација.

Симболиката поврзана со значењето на самиот детски лик кој е употребен во маркетиншката кампања може да претставува синоним за нежност, дете со мајка кај производи наменети за нега на детето или колички за деца, кои се претставуваат толку сигурни што би им го довериле дури и вашето дете, производи каде што акцентот се става на нивната безбедност или поволност за здравјето на децата.

Потоа, детскиот лик може да симболизира и среќно и безгрижно детство, претставен во реклама на производ со кој детето ужива користејќи го, при што испраќа порака дека „ако е детето среќно, родителите ќе бидат уште посреќни“.

Истражувањата кои се правени на оваа тема, велат дека машките и женските деца различно реагираат на различни производи. Кога станува збор за рекламирањето на производи и услуги каде што постои полова разлика од аспект на тоа за кого се наменети



Доц. д-р Ангела Миленковска-Климоска, професор на Универзитетот Скопје.



за употреба, машките и женските деца различно ги прифаќаат производите. Една интересна студија на Lois J Smith (1994, Journal od Broadcasting and Electronic Media, 38(3) 323-37), потврдува дека половата разлика има значително влијание врз играчките со кои си играат децата. Кога момчињата играат во група составена само од момчиња, тие константно играат со играчки наменети за момчиња. Девојчињата, спротивно, користат играчки наменети за девојчиња. Најинтересниот дел од ова истражување произлезе од набљудувањето на децата како играат во групи составени од момчиња и девојчиња заедно. Во овој случај момчињата покажаа целосно одбивање на понудата да користат играчки наменети за девојчиња, додека, пак, девојчињата не приговараа за тоа да користат играчки кои во основа се класифицирани како „машки“. Ваквото истражување дава голем придонес во креирањето рекламни пораки наменети за децата.

Детската популација во Македонија главно се таргетира преку Интернет, телевизија и билборди, но исто така и преку директна промоција во маркети и во игротеки.
Во рекламите главно се користат детски ликови каде што директно е прикажана употребата на одреден производ или услуга. Младата популација, пак, се таргетира преку социјалните медиуми бидејќи според истражувањата на пазарот се и еден од најискористените алтернативни медиуми. Постојат повеќе списанија преку кои се рекламираат производите за трудници и за млади мајки, но исто така таргетирањето се врши и преку ТВ-магазини специјално наменети за тоа. Децата сакаат да ги гледаат ваквите промотивни материјали, најчесто патувајќи со автомобил или друго превозно средство.

Децата во Македонија не се изземени од влијанието на маркетингот во своето секојдневие. Се следат светските трендови и во овој сегмент иако сè уште недостига свеста за разумно купување и бирање на производите.

THEMIS
World Tourism Organization

UNWTO

The World Tourism Organization (UNWTO),
through its UNWTO.Themis Foundation

certifies that

## University of Tourism and Management Skopje

has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Higher Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This Diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

*Valid for* ***three years, until March 2019***

Issued in Andorra la Vella, March 2016

tedQual
UNWTO.THEMIS

Taleb Rifai
Secretary-General
World Tourism Organization

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO.Themis Foundation

---

UNWTO
ACADEMY

The UNWTO certifies that:

## University of Tourism and Management in Skopje

Has successfully passed the UNWTO.TedQual audit renewal of the Tourism Educational Programme entitled:

## Tourism 1st cycle

This diploma is therefore issued in recognition of its quality in tourism education for all effects and purposes.

***Valid for three years, until 15th November 2024***

Andorra la Vella, November 2021

Zurab Pololikashvili
Secretary-General
World Tourism Organization

UNWTO
CERTIFIED
tedQual

Omar Valdez
Executive Director
UNWTO Academy

# ЕКОНОМИЈА



Туристички локалитет Матка.





Ден среда, месец јули. Заминавме на Матка со надеж дека нема да има премногу гужва затоа што е работен ден, па така, можевме возилото да го паркираме до патеката, да изнајмиме кајак, а потоа да седнеме на ручек и да уживаме во преубавиот пејзаж на Матка. Сето ова го реализиравме, но останавме изненадени. Иако беше среда, на Матка имаше многу гужва, а најголем дел од посетителите беа странски туристи. Местото е лесно пристапно и се наоѓа во близината на главниот град, па поради тоа и мами голем број туристи. Турци, Срби, гости од Косово беа само дел од туристите кои се воодушевуваа на убавината на кањонот Матка, а чамците кои вршат организиран превоз до пештерата Врело имаа полни раце работа.

По искуството што го доживеавме и кое ви го споделивме, се наметнува прашањето дали Македонија ќе има добра туристичка сезона, колку странски туристи ќе ја посетат земјава, дали ќе има туристи од некои нови пазари и дали државата ќе ги надмине бројките од претходната година, ќе има ли зголемување на девизниот прилив? Ќе бидат ли задоволни туристичките работници, хотелиерите и угостителите, особено по крахот што го доживеаја за време на ковид-кризата?

Одговорите на дел од овие прашања ќе ги анализираме кога ќе се сумираат резултатите, а за успешноста на туристичката сезона, прогнозите се различни. Надлежните во

# МАКЕДОНИЈА ПОВТОРНО ИМ СЕ РАДУВА НА ТУРИСТИТЕ ОД ТУРЦИЈА, ХОЛАНДИЈА, СРБИЈА

## Каква туристичка сезона ни претстои?

областа на туризмот со оптимизам гледаат на состојбата и велат дека годинава ќе има плодна туристичка сезона. Од друга страна, пак, од туристичкиот сектор се жалат дека е тешка состојбата и постојано ги потенцираат проблемите со кои се соочуваат, кои според нив премногу бавно се решаваат.

**„За жал, не сме на добар пат, имаме многу предизвици кои треба да ги решиме, имаме сериозни проблеми со вработувањата, имаме сериозни проблеми со инфраструктурата, имаме сериозни проблеми со правилата на игра што државата ни ги наметнува за добра и успешна туристичка сезона. На пример, имаме проблеми со визите, ние сме членка на ‚Отворен Балкан', но за разлика од Србија и од Албанија, таму туристите влегуваат слободно, а ние им ставаме визи. Треба тие работи да ги средиме. Еве, и Белград го доби ‚Експо 2027', а ние што имаме од тоа? Значи, треба да работиме да се поправи климата. Ние бевме десет години пред сите, а сега за жал и Албанија и Србија и другите дестинации до нас се пред нас во многу работи. Ние можеби имаме бројки, имаме туристи, меѓутоа, како да се справиме со предизвиците – еден патник стигнува во Охрид на аеродром и за транспорт до хотел му требаат три и пол часа! Тоа не треба да се случи во сезона, срамота е“**, вели Аркан Керим, претседател на Туристичко-угостителска комора при ССК.

Согласно анализите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, оваа година властите очекуваат да има добра туристичка сезона и надминување на бројот на туристите во однос на 2019 година. Мисијата и целта за 2023 година е надминување на 3,2 милиони ноќевања и повеќе од 430 милиони долари од туристичката индустрија. Првиот човек на Агенцијата за туризам, Љупчо Јаневски, потенцира дека неделно од Холандија летаат по пет чартери за Охрид. Освен од Холандија,




Аркан Керим, претседател на туристичко-угостителска комора при ССК.
*Извор: facebook*



Љупчо Јаневски, директор на Агенцијата за поддршка и промоција на туризмот во Македонија.

чартери за Охрид има од Катовице, Манчестер и од Лондон. Оваа година на Охридскиот аеродром има нови и обновени авиолинии кои овозможија сезоната во Македонија да започне во мај. Скок на бројот во првите четири месеци од 2023 година се бележи кај турските, романските, германските, португалските, полските и српските туристи

**„Во овој момент летаат пет чартери неделно од Холандија. Ако споредиме со 2022 година, бројот на туристите е зголемен за 30 проценти. Ние во овој момент се бориме во 2023 да надополниме 150 до 200 илјади туристи од три дестинации и да забележиме подобри резултати од 2019 година, со кои што сметам дека сме на добар пат. Падот на туристите од Бугарија е 70 проценти во 2023 година, но тоа е очекувано поради реториката и состојбите меѓу двете земји, а секако дека и македонските граѓани не ја одбираат Бугарија, не само во лето туку и на зима“**, изјави Љупчо Јаневски, директор на Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

Сепак, туристичките работници имаат јасен став дека сезоната секогаш ќе биде промашена ако половина од бројот на туристите не се од домашниот пазар.

**„Каде сѐ не погрешивме, грешките се побројни од негрешките. Состојбата е многу горчлива затоа што во туризмот во Македонија, секогаш велам, дека ако 50 проценти од бројот на туристите не се од домашниот пазар, тогаш сезоната е промашена и неуспешна. Во**

30% зголемен број на холандски туристи споредено со 2022 година.
*Извор: АППТМ*





Ангел Иванов, туристички работник.

**Македонија не се бориме за домашниот турист и не се согласувам со она што го рече министерката за култура, Бисера Костадиновска, која ги критикуваше ресторантите и угостителите дека имале високи цени. Нека земе таа нека раководи еден објект 365 дена во годината, да обезбеди плати, па тогаш ќе видам со кои цени ќе наплаќа. Државен службеник е многу лесно да се биде, но стопанственик да се биде е исклучително тешко. Државен службеник не смее да си дозволи да го критикува тој што му дава плата, затоа треба да внимава, особено министерка за култура. Со водени топови се пречекуваат туристите, но со топови водени се бркаат од паркинзите, каде да паркираат тие автобуси. Во секоја организирана држава за туризам има определен простор каде што може да паркираат 20 автобуси“**, вели Ангел Иванов, туристички работник.

Факт е дека државата не успева да зграби голем дел од колачот во туризмот во однос на нам блиските земји, а причини за тоа има многу. Неопходни се визи за некои земји, а со тоа се одвлекуваат истите тие туристи да дојдат и да ја посетат Македонија. Лошата инфраструктура е дополнителен проблем, особено ако се има предвид дека од Скопје до Охрид се патува и по неколку часа, а дека автопатот се гради речиси една деценија. Оние кои патуваат често, на шеговит начин велат дека за да патуваш до Охрид не ти треба резерва гума, туку резервна кола. Многу мал дел од туристичките агенции работат дојдовен туризам. Дополнителен проблем кој е присутен во последните години е и недостигот од работна сила, затоа што голем дел од работниците што работат во туристичкиот сектор напролет до есен заминуваат да работат во Хрватска. Токму лошата инфраструктура, честите патарини и неизградените патишта ги бркаат туристите од Македонија, обвинуваат туристички работници кои ги споделуваат негативните впечатоци од странските туристи кои ги донеле во Македонија.

**„Јапонците прашуваат, како е можно на должина од 70 километри од Скопје до Гостивар да има четири наплатни рампи. Во светот на една патарина влегуваш, на една излегуваш – крај, на граничните премини нема тоалети, а Јапонците прво нешто што бараат е тоалет. Светот ми се превртуваше, луѓето не можат да помислат дека тоа се случува во 21. век, паѓаме на најелементарните работи. Тие доаѓаат со норми во главата, ние имаме ‚Банско‘ во дворот, како Пелистер, Попова Шапка, Маврово, но кој од кој е позастрашувачки. Како дете одев на жичара на Попова Шапка, до денеска ништо не е сменето“**, изјави Ангел Иванов, туристички работник.



И оваа година најголем број туристи се очекуваат во Охрид.
*Извор: alternativenturizam.mk*

Годинава според првичните податоци, најголем број туристи се очекуваат во Охрид, Струга и во Скопје. Преспа е веќе помалку атрактивна, затоа што има скромна понуда на сместувачки капацитети, а сега засега помал број туристи во однос на минатите години има и во Дојран.

Јаневски вели дека Македонија треба да работи на нови атракции во дестинациите, затоа што ќе се зголемува просечниот престој на туристите, но и дека сите заедно треба да помогнеме да се стимулира туристичката индустрија.

**„Ние на Владата уште од 2018 година, преку примери и информации, понудивме практики за можноста за побрзо издавање визи и се надевам дека ќе успееме. Од тоа зависи и бројот на кинески туристи кои ќе ги донесеме. Според анализите на Државниот завод за статистика, еден турист дневно остава во просек по 95 долари. Туризмот во нашата држава треба да биде третиран на многу повисоко ниво оти мултипликативно влијае на 20 останати гранки“**, изјави Јаневски.

## ШТО ВЕЛИ ОФИЦИЈАЛНАТА СТАТИСТИКА

Според статистиката, ва првите пет месеци во годинава се остварени 600.000 ноќевања и 300.000 туристи. Ако се анализираат податоците од јануари до мај, ќе се види дека во мај бројот на туристите е најголем.

Во месец мај низ државата минале 100.977 туристи. Главно странци – 71.259 или 70,6 отсто, додека 29,4 проценти се домашни туристи, односно нивниот број е 29.718.

Од јануари до мај, а споредено со истиот лански период, бројот на туристите е зголемен за 29,4 отсто. Статистиката вели дека кај домашните туристи растот е 4,8, а кај странските – 45,9 отсто. Зголемен е и бројот на ноќевањата, и тоа за 18,6 проценти. Ноќевањата на странците се побројни за 31,9, а на домашните туристи за 0,6 проценти.

За туристите, во мај најпривлечни биле езерските крајбрежја. На тие места статистиката евидентирала 43.642 посетители. На втората позиција е Скопје, со вкупно 35.399 гости – 4.382 домашни и 31.017 странци.

Хотелите се првиот избор на гостите. Мајските податоци покажуваат дека за хотелското сместување се определиле 91.833 лица – 24.204 од земјава и 67.629 од странство.

Во петтиот месец од годината, меѓу странските посетители најбројни биле Турците – 16.412, кои во структурата на гостите учествуваат со 23 проценти. Зад нив се Србите, кои во мај дошле 8.643 на број. Следат посетителите од Германија – 4.042, од Хрватска – 4.004, а во првите пет се и 2.839 туристи кои дошле од САД.

# ТУРИЗМОТ ВО ГРЦИЈА ГИ СОБОРИ СИТЕ РЕКОРДИ

Туристичкиот сектор во Грција ќе се приближи до нивото пред пандемијата оваа година. Од туризмот во буџетот треба да се слеат 39,2 милијарди евра, а само годинава ќе се отворат 17.000 работни места, што е повеќе од 2019 година. Исто така, интересно е да се забележи дека туристичкиот сектор обнови 82 отсто од работните места што беа изгубени за време на пандемијата.

Главни пазари за Грците се Велика Британија, Германија и Бугарија. Грција и годинава е една од најпопуларните дестинации во Европа, а доколку продолжи овој тренд, туризмот на земјата до 2033 година треба да го зголеми учеството во БДП на 57 милијарди евра, што е речиси четвртина. Инаку, охрабрувачки се и прогнозите за вработување, па се наведува дека во наредната деценија туристичкиот сектор треба да вработи повеќе од милион луѓе низ Грција.

Се очекува туристичкиот сектор целосно да закрепне до крајот на следната година. Според туристите, оваа сезона во најпопуларната европска дестинација цените се повисоки од лани. Цените за сместување во хотели се во просек 53 евра, хотелите со три ѕвезди чинат 74, а хотелите со пет ѕвезди чинат и до 300 евра од ноќ. Просечен ручек во ресторан чини околу педесет евра за двајца, а оброците во поевтините ресторани се од шест до дваесет евра.



# ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА ОД ОВАА ГОДИНА, АЛБАНИЈА ЈА ПОСЕТИЛЕ ОКОЛУ 3,4 МИЛИОНИ СТРАНСКИ ТУРИСТИ

И Албанија бележи висок прилив на странски туристи во периодот јануари – јуни оваа година, со раст од 33 отсто споредено со истиот период од минатата година. Министерката за туризам и животна средина, Мирела Кумбаро, на социјалните мрежи ги сподели податоците за периодот јануари – јуни 2022 и 2023 година.

„Во првите 6 месеци од оваа година, Албанија ја посетиле околу 3,4 милиони посетители-странци, или 33 отсто повеќе од минатата година, со што стануваме дел од туристичката мапа на Медитеранот, со уникатен вкус и поглед на сè што може да се најде во Албанија“, наведува Кумбаро во видео-запис објавен на Фејсбук.

Според неа „само во јуни 2022 година Албанија ја посетиле 876.056 посетители, додека во јуни 2023 година оваа бројка изнесувала 1.007.033 посетители, односно 15 отсто повеќе од пред една година. Во периодот јануари – јуни 2022 година во земјата престојувале 2.553.747 туристи, додека во истиот период годинава 3.396.932 или 33 отсто повеќе.

**„Поради долгото крајбрежје, Албанија нуди многу плажи, од север кон југ, како во Велипоја, во Скадар, Шенѓин, потоа во Драч, Валона, Химара, Саранда итн. Овие плажи ги посетуваат не само Албанците, туку и странски државјани, кои во летните месеци ја избираат Албанија како туристичка дестинација. Исто така, Ѓирокастро, Берат, Бутринти, Круја, Тирана, Скадар итн., се популарни дестинации за историски и културен туризам“**, наведува таа.

Во минатата година во Албанија престојувале 7,5 милиони странски туристи, што се оценува како рекордна година. Нивниот број бил поголем за 1,9 милиони споредено со 2021 година.

# МОЈА ОПШТИНА

## ИНТЕРВЈУ СО ТОДОРЧЕ НИКОЛОВСКИ

*Градоначалник на Општина Кратово*

Кратово е општина која се наоѓа во североисточниот дел на Македонија и ги опфаќа градот и 30 села. За градот Кратово е познато дека е еден од најстарите градови во Европа, а за регионот дека изобилува со рудно богатство кое било експлоатирано уште од далечната антика, со многу културно наследство и со огромен потенцијал за туризам. Во општината редовно се одржуваат активности за промоција на туристичкиот потенцијал, привлекување инвеститори за отворање нови работни места, културни настани, но и инфраструктурни зафати за поврзување на населените места и за подобрување на квалитетот на живот на населението. Старите кули и мостови, цркви, археолошки локалитети, воодушевувачката архитектура, огромните стари дрва се само дел од богатото културно наследство на овој регион. Градоначалникот Тодорче Николовски во интервју за Магазинот за туризам менаџмент порачува дека еден од најстарите градови на Балканот треба да се посети.



Панорама на Кратово.









# НИКОЛОВСКИ: НА КРАТОВО МУ ТРЕБА ПОГОЛЕМА ПОДДРШКА ОД ЦЕНТРАЛНАТА ВЛАСТ

**Со какви предизвици сте соочени за време на Вашиот мандат?**

Од аспект на туризмот во Општина Кратово, во изминатите две години од мојот мандат како градоначалник, еден од главните предизвици ми беше анализирање на постојната состојба во оваа област, а воедно и изготвување стратешки план со цел да се овозможи унапредување на туризмот, како и правилно насочување и искористување на потенцијалите за развој, позиционирање и брендирање на градот како препознатлива туристичка дестинација во национални и во меѓународни рамки. Со цел подигање на туризмот на еден повисок пиедестал, како македонскиот Дубровник и музеј на отворено, моментално се изработува интегрирана туристичка понуда во која ќе бидат опфатени сите природни реткости и културни знаменитости, кои ќе се надополнуваат меѓусебно и беспрекорно плански ќе функционираат. Најголем предизвик се плановите и идеите кои одат во насока на отворање на подземните тунели односно отпочнување со истражување, пробивање, заштита, конзервација, реставрација и ставање во функција на тунелите и подземните ходници со кои се поврзуваат кулите и другите локации.

**Кратово е прочуено како еден од најстарите градови во Европа. Што прави локалната самоуправа за популаризирање на туристичкиот потенцијал?**

Со цел зголемување на публицитетот на туристичкиот потенцијал на градот, Општината напорно работи околу подобрување на инфраструктурата и нејзино одржување, потоа спроведува активности во насока на реконструкција и на реставрација на историските споменици, како и рекламирање на туристичките атракции преку социјалните мрежи, ТВ-медиумите, преку соработката со угостителскиот сектор, комуникација со туристички агенции, туристички водичи итн.

**Со колку сместувачки капацитети и со колку легла располага Општина Кратово?**

Еден од поголемите проблеми кои негативно влијаат врз развојот на туризмот во Општина Кратово е малиот број легла со кој располага. Всушност целта општина располага со не повеќе од 80 легла. Пред околу пет години оваа аномалија исто така беше нотирана од страна на Светска Банка како главен предуслов за унапредување на туризмот во Општина Кратово. Би сакал да додадам дека моментално работиме на проекти за прекугранична соработка со Република Бугарија и со Република Србија, кои предвидуваат реконструкција, адаптација и пренамена на простори во младински хостел и апартмани, а со кои би се зголемил бројот на легла.

**Кои локации се најатрактивни за посетителите?**

Кратово е град на средновековни кули и мостови, град на подземни ходници, Стара ајдучка чаршија и старградски куќи, град на прекрасни цркви и манастири изградени уште во 14 век. Кратово е еден од ретките градови што имаат свој светител и патрон Св. Горѓи Кратовски, кој е роден и живеел во Кратово. Исто така Кратово го има и Стариот турски затвор, кој како импозантен објект и несекојдневна архитектура и визура, конечно беше саниран и адаптиран во изминатите неколку месеци, по што ќе следи и официјално отворање и ставање во функција на ова парче од културното наследство. Кратово исто така поседува и бројни археолошки наоѓалишта, заштитени природни реткости и локалитети како: Големо Градиште и Ротондата во с. Коњух, Плоче Литотелми во с.Страцин, Старите борови во Карши бавча, локалитетот Камени кукли во с. Куклица, како и мегалитската опсерваторија „Цоцев камен“.

Овие атракции зачинети со нечепнатата

Чаршиски мост.





Камени кукли.

природа, чистиот воздух, староградската архитектура, културно-историските знаменитости, гостопримството и традиционалната кратовска трпеза, го вбројуваат оваа гратче во една од најпосакуваните и најпосетувани туристички дестинации во Македонија.

**Кратово е посетено од многу патници и туристи. Од кои земји имавте посети во текот на оваа година?**

Во текот на годината Кратово го посетуваат туристи буквално од целиот свет.

Најпрвин започнувајќи од соседството,

Ајдучка чаршија



односно Бугарија, Србија, потоа следуваат Турција, речиси сите земјите од Европа со акцент на Полска, Германија, Шпанија, па сè до прекуокеанските земји, како што се Австралија и Америка.

**Дали доаѓа времето во кое во Кратово и во регионот би можело да се живее од туризам?**

Би било идеално да може да се живее од туризам, меѓутоа искуствата покажуваат дека тоа е апсолутно невозможно без присуството на индустријата за производство на сунѓер, текстил и без прехранбената индустрија како главен двигател на локалната економија во Кратово. Туризмот во општината Кратово претставува секундарна гранка која влијае на нејзиниот економски перформанс. Туристичкиот потенцијал на градот значително влијае врз подобрување на социо-економската и културна состојба во општината, и тоа преку одржлив развој на туризмот кој носи бенефит како за локалното население, така и за бизнис-секторот.

**Какви настани и манифестации организирате во текот на годината?**

Во текот на секоја година општината организира бројни манифестации и настани со цел унапредување на културниот живот и туризмот во Кратово. Дефинитивно најголема манифестација која всушност

се организираше во изминатиот викенд е фестивалот „Златни денови“, потоа во текот на годината се реализираат поетската средба „Лесновски ѕвона“, фестивалот „Коритон“, Кратовското културно лето, „Шопска свадба“, Меѓународниот фестивал на етнолошки документарни филмови, „Кратовска компиријада“, „Денови на архитектура“, Детската ликовна колонија „Лазар Софијанов“, „Св. Ѓорѓи Кратовски – Патронен празник на градот“, како и редовни театарски претстави, стендап-комедии и кино-проекции, работилници, базари итн.

### Како помина манифестацијата „Златни денови“ во Кратово?

Големата заинтересираност и еуфорија за најомилената летна музичка манифестација „Златни денови“ ги надминаа очекувањата на организаторите во однос на посетеноста, така што освен македонските посетители, присутни беа и љубителите на убавата музика

„Златните денови“ ги надминаа очекувањата.




од целиот Балкан. Богатата музичка програма и настапот на најпознатите музички имиња од македонската естрада го одбележаа овој фестивал како настан на годината, не само во Кратово туку и пошироко. Преполниот плоштад, улички, локали и сместувачки капацитети зборуваа за илјадниците посетители. Спектакуларните настапи на сите изведувачи, Кратовските тамбураши, распеаните и разиграни Мераклии од Мерак меана и Скопските боеми, Браќа Нуне, Драган Темелков-Џони, сензационалните Ламбе Алабаковски и „Некст тајм“, како и енергичните изведби на фантастичните „Нокаут“, „Суперхикс“, и „Д’фендерс“, направија Кратово да биде голема музичка арена исполнета со многу љубов, радост и задоволство. Новост во овогодинешното издание на „Златни денови“ во Кратово е концептот на присуство и настапи исклучиво на македонски изведувачи, сè со цел да се стават во фокус македонската музика и македонските ѕвезди, да се потсетиме на нивната безвременската вредност и важност. Почнувајќи од 2014 година, овој настан прерасна во една од најубавите културни манифестации во земјава.

Овие денови за паметење кои беа исполнети со многу дружење, добра музика, забава и еуфорија со најпознатите македонски музички ѕвезди од народната и од забавната музичка сцена приредија незаборавно искуство и богата музичка програма за гости од сите возрасти. Манифестацијата беше одлична можност публиката да се запознае и со историјата на градот, а воедно и да уживаат во прекрасната музика, кратовските гурмански специјалитети и во одличната забава.

### Дали Ви се потребни поддршка и помош за промовирање на туристичките атракции?

Апсолутно! Мислам дека промоцијата на туристичките потенцијали и атракции во општината Кратово никогаш не е доволна. Сето тоа се должи на богатото природно, културно и историско богатство на еден од

најстарите градови на Балканот.

Уникатноста на ова гратче беше препознаена од страна на многу релевантни меѓународни организации и институции, како што е и УНЕСКО.

Соработката и помошта која ја добиваме од централната власт, како и од институциите од полето на културата, на пример Управата за заштита на културното наследство, Националниот конзерваторски центар, Министерство за култура, за жал е на многу ниско ниво. Длабоко сум уверен и сакам искрено да верувам дека оваа соработка ќе се подобрува во периодот што следува.

Во секој случај, каков било вид помош и поддршка околу промоцијата на туристичките атракции, би биле повеќе од добредојдени.

**Што би им порачале на читателите на нашиот Магазин за туризам и менаџмент?**

На читателите на вашето списание би сакал да им порачам барем еднаш во своите животи го посетат еден од најстарите живи градови на Балканот, да се запознаат со неговата историјата и импозантната архитектура, а воедно и да уживаат во кратовските гурмански специјалитети и во одличната забава.



Симиќева кула.



Турски затвор.



# ЛУКСУЗ ЗА КАТАРЦИТЕ, ВИСОК ПРОСЕК ЗА БАЛКАНЦИТЕ

*Извор: locationscout.net*

Повеќе од 1.000 Македонци живеат во Катар. Заработуваат од 1.000 до 5.000 американски долари месечно. Големо влијание врз нивниот приход има образованието, струката и фактот дали се вработени во катарска фирма или во светски бренд.

Ако сте дојдени само за работа, животот во Доха, Катар, може да ви биде убав, ова е најчеста изјава на странците кои живеат и работат во земјата која лежи на нафта и гас. Според стручњаците – најбогата во светот.

Животот во текот на посетата на Доха како турист, исто така може да ви биде многу убав.



# ДОХА

## РЕПОРТАЖА

**Воздишки ви крадат новоизградените прекрасни спортски сали, оддалечени од центарот на градот околу 30 км, како и спортските терени специјално изградени за Светското фудбалско првенство. Тие се уште една потврда дека присуствувате на светскиот фестивал на ракометот и на фудбалот, но и на луксузот. Видливо е дека Катарците го сакаат спортот и дека многу вложуваат во него. Новиот Емир Тамин Бин Хамад Ал – Тани цврсто е решен од својата земја да направи кралство во кое секој би посакал да дојде. Посебно е заинтересиран за промоција преку спортските настани.**



Музеј на исламска уметност.
*Извор: dezeen.com*



## ОБЛАКОДЕРИ НИКНУВААТ КАКО ПЕЧУРКИ

Луѓето кои биле во катарската престолнина само пред две години, забележуваат дека сега е уште поубава, збогатена со нови зданија.

Доха наликува на едно големо градилиште: се градат облакодери, хотели, деловни згради, универзитети, за кои се задолжени светски архитекти, како Минг Пеи, Жан Нувел или Арата Изосаки.

**„Зданијата се во класична европска архитектура. Поточно сè е измешано. Нашите клиенти сè поретко бараат градби во арапски стил. Некои од нив сакаат само фасадите на куќите да бидат со арапски мотиви. Покомерцијалните објекти се прават со модерна архитектура“**, вели еден архитект од Италија, кој нагласува дека е задоволен од заработувачката бидејќи работи за светски бренд од својата област.

Но, каков и да е вкусот на Катарците, тоа што го гледате шетајќи низ Доха, на моменти ви го одзема здивот. Имате чувство дека облакодерите се спојуваат со небото. Деловните центри и широките улици, објектите за негување на културата, сето тоа е вистински рај за очите. Каде и да одите, се среќавате со луксуз.

## ЖЕНАТА Е ПОЧИТУВАНА И ПРИВИЛЕГИРАНА

Во овој период нацијата многу пари вложува во културата. Најскапата слика на светот „Играчите на карти“ од Пол Сезан, владејачката фамилија ја купи за 250 милиони долари, и таа ќе се најде во еден од 17-те музеи што моментално се градат.

Веќе е отворен Музејот на исламската уметност. Импозантно здание со рамни линии и со песочни тонови, во кој има колекции на теписи и на керамички предмети.

Катар не е едноставна држава и има многу правила и прописи. Во неа живеат луѓе од различни националности. Превладуваат тие од азискиот дел и од околните земји кои го зборуваат арапскиот јазик.

Припадниците на азиската популација се најзастапени бидејќи на економскиот пазар се класираат како евтина работна сила. Во земјите од каде што доаѓа има голем процент на невработеност и затоа прифаќаат да



Катарската жена е почитувана и привилегирана.
*Извор: la-parisienne*



работат за пониска плата. Следната категорија се луѓето од арапските земји, како Либан, Египет, Јордан. Тие се котираат на повисоко ниво поради едукацијата и јазикот. Во таа категорија спаѓаат и луѓето од европските држави. Катар има генерално повисоки плати од регионот и пошироко. Статусот и работната позиција влијаат врз месечните примања. Колку заработуваат Македонците, зависи од позицијата која ја држат во компанијата. Поевтино котираат на пазарот, споредено со Германија, Швајцарија, Франција. Но, од друга гледна точка, во Катар секој може да си најде свое катче. Таа е една од најсигурните држави во поглед на криминалот од секој аспект.

Пале Тренева дошла во Катар пред 12 години. Работата како шминкерка ја споила со една од сестрите на Емирот од Катар и станала нејзин личен соработник.

**„Тие се свесни за својот статус и позиција која ја имаат тука во општеството. Но, свесни се и за лажно додворливите луѓе помеѓу нив, кои понекогаш се дури нападни во желбата за дружба со нив. Јас имав сосема спротивен пристап од горенаведеното, па можеби тоа беше пресудно да ја стекнам нејзината доверба. Буквално сум инволвирана во сè. Од**

Пале Тренева на работен ангажман.



**правење персонален онлајн шопинг до замисла, планирање и реализација на патувања, забави, приеми. Од придружба на пријателски ручек до наоѓање фирми за изградба на куќи и следење на целата реализација до нејзиното завршување“**, вели Тренева, за која ниту едно секојдневие не е исто.

**„Еден ден може да биде поминат во кревет пред ТВ, наредниот да се почне со патување до некоја соседна држава. Доколку има голема забава или свадба во склоп на семејството, целиот ден, па и недела се планира според потребите на настанот. Најголема заблуда е дека овде жените се заробенички на мажите, дека живеат затворени во златни кафези и дека се машини за раѓање деца. Поради мојата работа сум опкружена со многу катарски жени, кои се највисоко едуцирани по европски универзитети, кои се бизнис-жени, кои попладневното кафе можат да го презакажат и за пет минути да стане шопинг во Турција или сафари во пустината без да бараат дозвола од мажите. Исто така, владеат предрасуди дека не се почитуваат други религии освен исламот или дека се врши притисок за конвертирање, што е тотална небулоза. Постојат дискотеки, барови, кафулиња и секој може да си го пронајде стилот на живот кој му одговара“**, додава Тренева.

Во Катар живеат повеќе од 1.000 Македонци. Една од нив е и познатата македонска актерка Душица Тренева. Дипломирала на Факултетот за драмски уметности во Скопје, отсек за актерска игра. Студирала и новинарство и односи со јавноста, работела како волонтер во Универзитетското радио, била одличен студент во класата на професорката Зоја Бузалковска и асистентот Александар Степанулески.

**„Кога ќе ти ја навредат интелигенцијата, креваш рачна, а јас си го спакував и куферот и заминав од Македонија. Катар некако ме одбра мене. Пандемијата и раѓањето на мојата внука, заедно со стравот дека нема да можам да ја гледам како расте, беа пресудни за преселбата. Речиси две години сум овде и имав среќа да почнам веднаш да работам поради сестра ми Пале. Го имам истиот ангажман во кралското семејство како и сестра ми. Задолжена генерално околу патувањата, со еден збор – организација“**, вели Душица и појаснува дека нејзината работа е стресна и напорна со секојдневен предизвик, без работно време.

**„Еден ден можеби состанокот ќе ми трае 15 минути, а веќе утредента имам авионска карта за настан во Париз. Кога присуствуваме на светски настани, многу често сме во ист хотел со познати личности. И покрај големиот стрес околу обврските, посебно е чувството да појадуваш на неколку метри од Џони Деп.**

Душица Тренева на работен ангажман во Париз.



**Дојде за снимање на емисија во еден од музеите, имаше премногу обезбедување. Навистина е возбудливо кога знаеш дека тој е во твоја близина неколку дена. Во Париз се возев во лифт со членовите на ,Ред хот чили пеперс'. Не им побарав да се фотографираме зашто бев окупирана со состанокот кој следуваше. Но, имав среќа да ги сретнам вторпат во лифтот, да помуабетиме и да го овековечиме тој миг со фотографија. По втор пат бев на исто место со Деп во Будимпешта, на Формула 1. Се надевам дека од ,трета мајка' ќе украдам и фотографија. Беше премногу возбудливо да се доживее целата атмосфера од фановите кои ноќеваа пред хотелот за време на настанот. Громогласно ги поздравуваа учесниците по секоја трка. Навистина е убаво одблизу да го видиш сјајот во очите на Хамилтон"**, посочува актерката.

Тренева имала голема привилегија да присуствува на голем дел од натпреварите на Светското фудбалско првенство, кое кон крајот на минатата година се одржа во Катар.

**„Организацијата и менаџментот беа навистина на високо ниво, имаше многу настани, фестивали, концерти, јавен бесплатен превоз. Стереотипите за Катар се срушија на светско ниво, и за тоа ми е особено драго. Луѓето сфатија дека има правила за почитување на нивната култура, а дека тоа е правопропорционално всушност со степенот на либералноста овде. И да, алкохол можеш да пиеш, во сите хотели наоколу. Катар е една од најбезбедните држави во светот. И што е најважно од сè, мислам дека луѓето сфатија дека покриеното лице на жената не значи светлосни години station наназад"**, заклучува актерката.

Пале и Душица на Светското првенство во Фудбал во Доха.



# ВИКЕНД ОД ЧЕТВРТОК ДО САБОТА

Во Катар се работи девет часа дневно, со пауза од еден час. Викендот почнува во четврток и трае до сабота. Недела е работен ден.

По улиците речиси и да нема луѓе. Или се во автомобил или во хотел. За викендите најчесто одат во Катара, центарот на уметноста. Во овој дел се сместени многу објекти, ресторани, а има и плажи. Ако сте првпат во овој дел од градот, ќе ви го препорачаат нивниот традиционален специјалитет карак и чапати.

Ноќниот живот се одвива во клубовите на хотелите со пет ѕвезди. Само таму се служи и алкохол.

Во Катар живеат 2 милиони луѓе, од кои само 200.000 се Катарци. Емирот се обидува да ги мотивира Катарците да го зголемат својот наталитет, со тоа што на секое новороденче државата му дава одредена сум пари како бонус.

Пари во Катар има многу. Но, има и посиромашен дел. На далечина од еден километар можете да се соочите и со сјај и со обичен живот. Доволно е само да го посетите стариот дел или пазарот „Сук вакиф“. Тоа е вистински лавиринт од продавнички со индиска и со кинеска гардероба, зачини, билки, бедуински килими, по поволни цени.

Катарците живеат во куќи, а странците во станови. За изнајмување двособен стан од 60-70 м² се плаќа од 2.000 до 2.200 американски долари. Ако сте вработени во фирма од светски бренд, таа цена според договорот ја плаќа вашиот газда, како и останатите трошоци. Ако се храните претежно во ресторан, трошоците за храна се околу 1.000 американски долари. Ако готвите дома, може да се спуштат и до 500 американски долари во месецот.

Катарците ги намалија ригорозните закони. Од неодамна, странците може да купат и стан во Доха. Цените се зголемени и еден стан од 60 квадрати чини 150.000 евра.

Ручек за двајца во просечен ресторан чини до 50 долари, а во луксузен – до 300 долари.

Цените на облеката се слични на нашите, се разбира, ако не станува збор за светски брендови, кои кај нас ги нема. Нив можете да ги најдете во големите молови, како Вилаџио, кој во внатрешноста е совршена копија на Венеција. Главна атракција е водениот канал, кој поминува низ целиот центар и по кој се вози со гондоли. За ова задоволство се наплаќа 3 долари.

Вештачкиот остров Перл е дестинација која е задолжителна за туристите поради својот раскош. Таму се сместени марината, брендираните продавници, јахтите на богаташите.




**Трговски центар Вилаџо.**
*Извор: expedia.co*



**Остров Перл.**
*Извор: qlevents.qa*

# СЕКОЈ КАТАРЕЦ ИМА КУЌА И АВТОМОБИЛ

Катарците ги извршуваат само најдобрите работи. Останатото е работна сила од целиот свет.

Секој Катарец има куќа и автомобил. Низ широките улици може да се сретнат само мерцедес, порше, тојота, ферари, ламборџини, лексус. Бидејќи нема градски автобуси ниту метро, секојдневно се случува хаос во сообраќајот.

Мажите носат бела традиционална облека. Жените абаја и фереџе. Љубезни се.

Засега на странците не им дозволуваат да земат катарско државјанство.

Кога Катарец ќе реши да гради куќа, дозвола добива за еден ден, а половина од вложените пари му ги враќа државата. Здравственото и пензиското осигурување, како и школувањето на Катарците им ги плаќа државата. Не се плаќа данок, и затоа има многу странци кои работно се ангажирани во оваа земја. Нова интенција во оваа земја е да се подигне интелектуалниот и едукативниот развој.

Крајниот впечаток е дека за своите Доха е рај, а за странците просек. Но, доволно висок за да го напуштат огништето и да се вгнездат во најбогатата земја на светот.

**Возниот парк на Катарците.**
*Извор: welcomeqatar.com*









# КИСЕЛА ВОДА – 68 ГОДИНИ НЕЗАБОРАВНА ПРИКАЗНА КОЈА СТАНУВА СÈ ПОДОБРА

**Четири величествени музички вечери остануваат запишани на страниците на општина Кисела Вода под насловот „Кисела Вода – 68 години незаборавна приказна која станува сè подобра“. Како никогаш претходно, културното лето и роденденот на Општината собраа на едно место преку 80.000 гледачи. Од 22 јуни до 29 јуни на повеќе локации се одржаа низа настани наменети за сите генерации и за сите музички вкусови.**

Случувањата почнаа на 22 јуни со сетот на „DJ Mats“. Популарниот диџеј кој редовно ги полни дискотеките низ Македонија овој пат беше брилијантен на сцената пред салата Расадник. Младата генерација уживаше час и половина во најпопуларните хитови, а потоа

незаборавен концерт одржаа „2 бона", чии песни  наизуст ги пееше целата публика. Во редици се чекаше за фотографија со ѕвездите на вечерта кои и самите се жители на оваа општина и во моментот работат на химна за Кисела Вода.

Петочната вечер од културното лето, се одржа во Драчево на верско-рекреативниот центар „Три Круши". До полноќ одекнуваше квалитетна македонска народна музика. Честа да ја отвори ја имаше КУД „Китка", културен ентитет, кој е создаден и функционира во Драчево и кој успешно придонесува за афирмација на македонскиот фолклор и традиција низ светот.

По шареноликоста од носии и богатството од кореографии  кои на сцената ја донесоа играорците од „Китка", започна концертот на Сузана Спасовска. Не постоеше песна на која не се играше. Публиката на нозе ги пееше сите нејзини хитови, се вееја и знамиња, одекнуваа аплаузи. Ништо помало воодушевување немаше и за концертот на Миле Кузмановски, драчевскиот крал без круна, чија музика секогаш е барана и очекувана на културното лето на општина Кисела Вода. Сѐ на сѐ, задоволството на присутните и од втората фолк вечер, беше на многу високо ниво.

Саботниот ден почна со програма за најмладите. „Игри без граници" за децата од сите градинки на територија на општина Кисела Вода, на кои им се придружија и децата од публиката. Меѓу нив и маскотите Маша и Медо, аниматори, забавувачи, хорот на  ООУ „Кузман Јосифовски Питу", музички настапи од градинките, како и зумба и латино-танци со студиото за танц од Кисела Вода „Данса латина Стефи". Ден за паметење за сите дечиња кои беа во Расадник, како и за нивните родители.

Вечерните случувања почнаа и покрај невремето што се закануваше, жителите на Кисела Вода, но и од сите други општини, вклучително и оние кои специјално за настанот тргнаа од градовите надвор од

**Настап на македонската дива на народна музика, Сузана Спасовска.**





**Преубава атмосфера за време на настапот на Жаре Бербер и „Галама бенд“.**

Скопје, со чадори се упатија пред салата „Расадник“, каде што атмосферата веќе се загреваше. Жаре Бербер, кој секогаш со гордост истакнува дека води потекло од Кисела Вода генерации наназад и кој назначи дека му е чест да пее и да настапува за својата општина, ја имаше одговорната задача да биде првиот кој ќе ја отвори вечерта за која се собраа преку 30.000 лица во публиката. И времето беше на страна на Општина Кисела Вода бидејќи дождот сопре со првата песна отпеана од Жаре Бербер и неговиот „Галама бенд“. Преубава атмосфера, познати рефрени и публика жедна за забава, која со аплаузи го испрати Жаре и го дочека Петар Грашо.

Концертот кој потоа уследи, беше, едноставно кажано – магија. Петар Грашо не ја освои само сцената, тој испиша една од најубавите страници во историјата на културно-забавниот живот на Општина Кисела Вода. Со неговата најнова „Јел ти река ко“, Петар Грашо уште од првата песна ја освои публиката. Речиси два часа, 30.000 луѓе во еден глас ги пееја силно емотивните хитови на можеби најголемата балканска ѕвезда во моментов „Ко нам брани“, „Срце за водича“, „Уторак“, „Моје злато“. Дел од концертот Грашо му го посвети и на Оливер Драгојевиќ преку прекрасна изведба на незаборавните „Цесарица“, „Два пут сам умра“ и многу други. Не изостанаа ни желбите на публиката, а за крај и огномет...

Концептот кој годинава ги обедини културното лето и роденденот на Општина Кисела Вода, предвиде и низа инфраструктурни проекти кои се случуваа во периодот меѓу 24 и 29 јуни, односно меѓу последната вечер од културното лето и вечерта во која се одбележа 68-миот роденден. Симболични 8 крупни проекти во чест на 68 години постоење, промовираше градоначалникот Орце Ѓорѓиевски, за кои

**Дел од перформансот на хрватската музичка ѕвезда, Петар Грашо.**




Обраќање на градоначалникот на Општина Кисела Вода, Орце Ѓорѓиевски.

назначи дека се работи за решенија на повеќедецениски проблеми.

**„Љубовта кон својата општина, кон својот народ се покажува преку дела, па така, во оваа роденденска седмица, секојдневно промовиравме, завршивме или започнавме крупни проекти кои претставуваат значајно подобрување на животот во оваа наша заедница, во нашата Кисела Вода. Годинава 8, во знак на 68-те години на најстара скопска општина, Кисела Вода. Граѓаните добија проширување на капацитетот на градинката ‚Кокиче' и изготвен проект за изградба на нов дел. Обезбедивме средства со кои населбата Стаклара за прв пат ќе добие водовод и фекална канализација. Започнавме со изградба на околу половина километар нова водоводна мрежа на улицата ‚Речиште 2' со нејзините четири краци, го финализиравме проектот за реконструкција на улица ‚Локов' и проширување на просторот за паркинг, почнавме со изградба на 4 нови паркинзи за околу 80 возила во Потстаница. Започнавме со изградба на мини рекреативен центар во Усје, кај крстот, изградивме нов паркинг и реконструиравме парк во Драчево, започнавме со целосна реконструкција на улицата ‚Емил Зола' со краците и паркинзите. Динамиката на работа, ќе ја задржиме и во периодот што е пред нас“**, изјави градоначалникот Орце Ѓорѓиевски.

Заокружувањето на настаните се случи во четврток, на 29 јуни, со прославата на 68-миот роденден на Општина Кисела Вода. Настаните траеја во текот на целиот ден. На свечената седница на Советот на Општина Кисела Вода беа доделени награди-статуетки во форма на клуч и благодарници за заслужните жители, а обраќање во кое беа наведените

Градоначалникот Ѓорѓиевски со работни активности во деновите на одржување на културното лето.





Групата „Егзибит А“ прогласени за најдобри.

најзначајните инфраструктурни проекти во изминатата година, имаше градоначалникот Орце Ѓорѓиевски. Информираше за изведба на значајни преку 50 км патна инфраструктура во речиси сите месни и урбани заедници, за околу 3.600 метри водоводна мрежа, атмосферска канализација од околу 4.500 м и фекална над 5.000 метри, за изградба на над 50.000 m2 зелена површина, инвестиции во училиштата, отворени преку 300 места во градинките и други значајни капитални инвестиции во сите сфери од работењето на ова локална самоуправа.

Роденденските случувања продолжија во паркот „Шопен“, каде што се одржа хуманитарна „Коријада“ во организација на Здружението на пензионери од Кисела Вода, дополнета со богата музичко-сценска програма од страна на највозрасните лица од општината. Прославата продолжи пред салата Расадник со „Битка на бендови“. Жири комисијата во состав Дани Димитровска, Мишко Парушев и Сашо Стојановски одлучи дека титулата најдобри треба да ја понесе „Егзибит А“, кои добија награда концерт организиран од страна на Општина Кисела Вода и снимање на албум со 100 цедеа. Награда имаше и за второнаградените „Арте-факт“ кои исто така ќе добијат снимање на албум и 100 цедеа, а третонаградениот, Матеј Николовски, доби снимање на авторска песна како гостин на победничкиот албум. Додека се чекаше одлуката на жири-комисијата, одличен настап имаа „Д Далтонс“.

Еден час подоцна, истата сцена во огромна дискотека на отворено ја претвори ДЈ Мац. Прекрасно музичко патување со најголемите денс-хитови за публиката која не престана да игра. Потоа, публиката ја поздрави градоначалникот Орце Ѓорѓиевски. Ѝ го честиташе роденденот на општина Кисела Вода и се заблагодари за целата поддршка и

Спектакуларен концерт на македонската музичка група „Нокаут“.



за тоа што сите заедно направија бескрајната приказна за Кисела Вода да биде сѐ подобра. Го испратија со огромни аплаузи, а потоа, со огномет започна спектакуларниот концерт на „Нокаут“. И повторно... преку 30.000 публика и она магично чувство што може да го направат само најдобрите меѓу најдобрите. Во навистина незаборавна атмосфера, „Фатална опсесија“, „Лебедот бел“, „За нас“, „Знаеш каде да ме најдеш“ и многу други нумери одекнуваа два часа во чест на славеничкиот ден на најстарата скопска општина. „Нокаут“ уште еднаш покажа зошто веќе 26 години го држи тронот во македонската забавна музика, а Кисела Вода уште еднаш покажа што значи квалитетен избор на програмските содржини и сериозен пристап при нивната организација.

Сумарно, манифестацијата „68 години Кисела Вода – бескрајна приказна која станува сѐ подобра“, со вкупна бројка од 80.000 посетители на музичките концерти и атмосфера што може само да се доживее, трајно ќе остане запишана во сеќавањата на жителите на општината и на сите нејзини пријатели.

**„Постојат моменти кои покажуваат дека сме го направиле вистинскиот избор, кои ни потврдуваат дека вложениот труд и целите кои сме си ги поставиле пред себе, биле и повеќе од вредни. Јас, како градоначалник и целиот тим кој работеше на овој проект, успеавме во планираното. Испишавме историски моменти, овозможивме преку 80.000 публика да ужива и да ги слави заедничките свечени моменти, во исто време креирајќи повисоки стандарди за она што стои како задача пред нас за следните години. Впрочем, како да ја направиме приказната за Кисела Вода сѐ подобра, треба, мора да биде и е наша мисла која нѐ води напред. Им благодарам на сите кои со својата доверба се стимул и извор на инспирација за секоја нова иницијатива и проект кој го оствaруваме. Се надевам дека заедно ќе прославиме уште многу родендени на Општина Кисела Вода“**, изјави градоначалникот Орце Ѓорѓиевски.

**Кисела Вода - 68 години незаборавна приказна која станува сѐ подобра собра преку 80.000 публика.**





# ДИМИТРОВСКА:

# ИДНИНА

## Интервју со Даниела Димитровска, македонската музичка ѕвезда

"

## РЕСУРСИТЕ, БИБЛИОТЕКАТА, УСЛУГАТА ЗА ПОДДРШКА НА СТУДЕНТИТЕ И ГЕНЕРАЛНАТА ГРИЖА ЗА СЕКОЈ ПОЕДИНЕЦ – ПРИЧИНИ ДА БИДЕТЕ ДЕЛ ОД УНИВЕРЗИТЕТОТ СКОПЈЕ



Иако музиката е нејзин прв избор на изразување, музичката ѕвезда Дани Димитровска спонтано се насочила кон потрага по високо образование. Поривот потекнувал од желбата за обликување на дивиот и нескротен потенцијал. Креативноста и комуникологијата се области кон кои имала склоност уште од тинејџерска возраст. Се запишала на Универзитетот Скопје на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент. Вели дека со студиите стекнала знаење за концептот на маркетинг и неговата важност на глобално ниво, но и животни искуства и пријатели.

Димитровска важи за една од најдобрите вокали во земјава, има богата кариера, албуми, безвременски хитови, настапи. Моментно е актуелна со темата и спотот за „Има љубов во нас" со порака – љубовта е лекот без пари, со кој можеме да им ставиме крај на војните во себе.




Дани Димитровска, алумни на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

**Секој кој ќе престане да учи е стар, без разлика дали има 20 или 80 години. Оваа максима на светски успешниот бизнисмен Хенри Форд ме потсетува на Вас, бидејќи иако веќе бевте успешна како пејачка, сепак решивте да го продолжите школувањето. Кој беше мотивот да се стекне и факултетска диплома?**

Мотивите по кои се водиме, не се статични, но се менуваат со возраста, созревањето, интересите и потребите. Верувам во теоријата дека сите работи секогаш се случуваат во своето вистинско време. Да се вљубиме на 20 или 50 години, да добиеме дете на 22 или 44 години, да ставиме протеза на 10 или 30 години или да запишеме студии на 19, 30 или 60 години е секогаш избор. Мој. Твој. Личен. Патот кој го одбираме да го одиме е една од најубавите работи за кои не е важно кога, но важно е да се случи.

**Зошто се одлучивте да студирате токму на Универзитетот Скопје? Со што Ве привлече програмата на Факултетот за меѓународен маркетинг менаџмент?**

Креативноста и комуникологијата се области кон кои имав склоност уште од тинејџерска возраст. Не знаев која ми е омилена боја, но удобно пливав во креативни изведби и комуникациски циклуси. Во галопот на мојата музичка кариера, некако спонтано се насочив кон потрага по високо образование. Поривот потекнуваше од желбата за обликување на дивиот и нескротен потенцијал. Тој септемвриски ден, вдлабочена

во нивните брошури, непосредно пред самата институција, седната на клупата под големата липа на Партизанска, загледав една убава самоуверена група, облечени во исти униформи, гласни во насмевките и срдечни во исказите. Инстинктивно им пристапив, а одлуката за маркетинг стапи на сила веднаш по краткиот разговор. Луѓето се тие кои инспирираат. На луѓе се огледуваме, од луѓе учиме.

**Кои испити Ви беа најголем предизвик, а со кои тешко се носевте?**

Генерално, тешкотии имав со стручните термини и потребата да ми бидат пластично објаснети, како и менаџирањето на моите музички обврски во тоа време. Трпеливоста на целиот кадар за сите мои небулозни прашања, верувајте од прва рака ви велам, им е  доблест со големо Д. И тоа прашав – дали се учи трпеливост? Предизвик ми беше истрајноста за целиот процес.

**Колку сте задоволни од кадарот, професорите, нивниот однос кон студентите? Во случајов со Вас, како реагираа со оглед на тоа што сте една од нашите најголеми музички ѕвезди?**

Чувствував обострано задоволство и почит. Привилегијата да сум дел од таа целина беше моја. На иста линија со слушачите на настава и со стручниот кадар во односот и потребата од заемно разбирање за единствената цел за која сме собрани.

**Благодарение на образованието, во можност сме да ги разбереме нештата кои нè опкружуваат, да ги објасниме различните појави, а со уписот на**

Солистички концерт во Струмица, 2020 година.



**студиите, да ги искажеме своите интереси и да ги покажеме своите можности. Дали со дипломата од Универзитетот Скопје на Факултетот за меѓународен менаџмент го стекнавте тоа?**

Стекнав знаење за концептот на маркетинг и неговата важност на глобално ниво, за меѓународното окружување, за неговите промени, за стратегиите и нивното влијание. Стекнав животни искуства. Пријатели. Неповторливи ентитети, како единки. Непроценливи ризници на разни потенцијали, афинитети, желби, склоности. Увидов различности и убавина во нив. Осознав за поединецот како темел на едно општество, кое може да се менува со промената во себе. Научив дека некогаш во животот победуваме, а некогаш учиме...

**Маркетингот е битен сегмент од музиката, бидејќи секоја нова песна, албум, настап е производ кој треба да стигне до јавноста. Дали вештините стекнати на факултетот Ви помогнаа во тоа?**

Музиката ми е прв избор за изразување. Определба за патот кој го одам. Дигиталните платформи се рај за можности во денешната музичка индустрија и нивната моќ е неоспорна. Од друга страна, музиката е емотивна вредносна компонента, која или ја чувствуваш или не. Усилениот маркетинг во промовирање песна има наметлива нишка. Верувам дека музиката и пораката од неа доаѓаат до оние луѓе подготвени за тоа. Вака или онака... Тоа онака ми е многу послатко од првото.

**Музиката е ваша егзистенција и позната сте како голем работник. Но, дали сте работеле и тоа за што се школувавте? Или дипломата ќе ја искористите во некое друго време?**

Дипломата ја стекнав за лична наобразба. За проширен видик и поместени граници. За искуство, доживување и подобро разбирање на нештата. За себеанализирање и откривање на возможни притоки од личниот извор.

**Многу млади, по завршувањето на средното образование се наоѓаат на раскрсница, по кој пат да тргнат, им се чини дека е ризик. Зошто би им препорачале дека Универзитетот Скопје е нивни вистински избор?**

Традиционалните универзитети генерално се фокусираат на академската компетентност, што секако е вредност за почит, но и базирани се на теоретски пристап, што не секогаш соодветствува со моменталната состојба на одредена индустрија. Универзитетот Скопје нуди стручна обука и практична имплементација. Ресурсите, условите, библиотеката, услугата за поддршка на студенти и генералната грижа за секој што влегол во таа институција се многубројни причини поради кои лесно се дава доверба.

**Образованието нуди не само знаење од различни области и наука, туку и можност да се изградиме како личности. Стекнуваме вештини да извршуваме различни работи, да истражуваме, за да го направиме светот подобро место за живот. Тоа е Ваша интенција и во музиката. Со новата песна „Има љубов во нас“ порачавте деца целта е на ова мало парче земја да ја пронајдеме љубовта. Можеме ли и како да успееме во тоа?**

Љубовта ја имаме во себе. Љубовта е свеста и единствената причина што постоиме. Кога се губиме, насока да се пронајдеме. Има љубов во нас е повик и потсетување и за себе меѓу другото. Вистината која сјае во сите детски очи, која како што растеме, ја потрупуваме со стравови и ставови... интелектуални анализи и прагматични одговори. Љубовта е лекот без пари со кој можеме да им ставиме крај на војните во себе.

**Вчера бев паметен и сакав да го менувам светот. Денеска сум мудар и се менувам себеси. Успеавте ли да ја реализирате оваа животна синтагма?**

Личниот развој не е револуција, но е еволуција. Можеби сè уште не сум стигнала до целта, но поблиску сум до неа отколку што бев вчера.



Снимање видео за најновата песна „Има љубов во нас“, издадена 13 јуни 2023 година.

# ДИПЛОМАТСКИ ПОГЛЕД

## МАРИЈАНА ПЕТИР

**Хрватска политичарка и поранешен европратеник**





## ПЕТИР: НА ЕВРОПА Ѝ ТРЕБА МАКЕДОНИЈА

*„Не би сакала да бидам сведок дека реформите кои се важни за граѓаните се во чекална сè додека Македонија е во чекалната за членство во ЕУ. Затоа уште еднаш ги повикувам сите кои имаат влијание, да ги отстранат пречките за Македонија на нејзиниот европски пат заради благосостојбата на сите граѓани на Македонија“*, вели хрватската политичарка и поранешен европратеник Маријана Петир. Таа е голем пријател на нашата земја, а доказ за тоа е и основањето на групата „Пријатели на Македонија“ во Европскиот парламент. Петир за Магазинот за менаџмент и туризам најавува учество на хрватските парламентарни, европските парламентарни и на претседателските избори, кои ќе се случат идната година.




**Петир: „Ги повикувам жените да се вклучат во политиката. ‚Женскиот гениј', женската интуиција и чувствителност ќе се покажат уште посилни и поголеми."**
*Извор: Hina*

**Ја основавте групата „Пријатели на Македонија" во Европскиот парламент. Вие сте голем поддржувач на нашата земја и ги промовирате македонските интереси, што е од големо значење за македонскиот народ. Македонија сè уште минува тежок пат за влез во ЕУ. Дали вредат овие предизвици за да се стигне до европското семејство?**

Како што Европската Унија може да ѝ помогне на Македонија во различни аспекти на развојот, така и на ЕУ ѝ треба Македонија, не само поради нејзината геостратешка положба, туку и затоа што Македонија е исклучителна земја во многу нешта. Македонија е составена од топли и добронамерни луѓе, има одлична храна и вино, прекрасна природа и богато културно наследство. Групата „Пријатели на Македонија" во Европскиот парламент ја создадов токму поради ова, со цел на сите да им ја покажам правата слика за Македонија и да ѝ помогнам на вашата земја да излезе од маѓепсаниот круг во кој се најде, не по своја вина. На овој начин сакав да ѝ помогнам на Македонија со директна поддршка во отворањето на вратите кои беа затворени, но и да покажам дека ако сака ЕУ да биде кредибилна, не може да прави исклучоци за Македонија и да ги користи билатералните проблеми како пречка за отворање на преговорите. Ние, Хрватите, знаеме какво е чувството кога ќе те блокираат и не те оставаат да продолжиш напред бидејќи и самите сме го поминале тоа, но ја прославивме 10-годишнината од членството на Хрватска во ЕУ и можеме да кажеме дека сите наши напорите родија плод затоа што



Петир: „Ги повикувам сите кои имаат влијание да ги отстранат пречките за Македонија на нејзиниот европски пат.“

со помош на ЕУ се реализираа многубројни проекти корисни за нашата земја и за нашиот народ, кои, да не беше таа помош, тешко дека ќе можеше да се реализираат.

**Долги години сте активни во политиката. Дали, според вашето мислење и искуство, овие последни барања навистина ќе бидат последни пред влезот на Македонија во ЕУ?**

Бев против и сум против неправедните притисоци врз Македонија од различни страни, кои негативно се одразуваат не само врз политичкиот живот, туку и врз економската состојба во државата, но и на општеството во целина. Владеењето на правото и демократијата беа ставени на тест, што доведе до директен притисок за зачувување на националниот идентитет со насилна промена на името на државата. Но, тие не застанаа тука, и сега сакаат да ги препишат и јазикот и историјата, што е целосно неприфатливо. Не би сакала да бидам сведок дека реформите кои се важни за граѓаните се во чекална сè додека Македонија е во чекалната за членство во ЕУ. Затоа уште еднаш ги повикувам сите кои имаат влијание да ги отстранат пречките за Македонија на нејзиниот европски пат, заради благосостојбата на сите граѓани на Македонија.

**Често зборувате за правата на жените и ја поттикнувате нивната самодоверба, а со тоа и да бидат сигурни во своите одлуки. Дали се жените доволно застапени во политиката во Македонија и колку имаат тие можност да направат промени?**

Ги повикувам жените да се вклучат во политиката и во процесите на одлучување, што не само што е нивно право, туку е и многу важно поради посебните ставови што жените ги носат кон ваквите процеси. „Женскиот гениј", женската интуиција и чувствителност ќе се покажат уште посилни и поголеми, вредноста дека повеќе жени ќе играат поважна улога во решавањето на сериозните проблеми со кои се соочува светот. Постојат позитивни законски прописи поврзани со зголемување на учеството на жените во политиката, но има и предрасуди и стереотипи на кои жените се секојдневно изложени. Факт е дека, иако сочинуваат половина од населението, жените сè уште не се доволно застапени секаде каде што се носат важни одлуки. Се разбира, не мислам дека жените треба да се занимаваат со политика само затоа што се жени, и затоа што партијата треба да истакне одреден број жени на својата листа, но пред сè мислам дека да се биде жена не треба да биде пречка за посилен политички или каков било втор ангажман. За време на мојот неодамнешен престој во Македонија, имав можност да се сретнам со претседателката на Организацијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, Жаклина Пешевска и нејзините колеги, кои ме запознаа со иницијативите на кои работат за да се зголеми застапеноста на жените во политиката во Македонија и женските гласови да бидат посилни, слушнати. Многу ме импресионираа бидејќи се вредни, одлучни и ангажирани и исклучително мотивирани, и им посакувам успех.

**Економската криза достигна сериозни размери. Цените на сите производи се зголемени, некои дури и двојно. Како се справува Хрватска со овој предизвик?**

Во опкружувањето на пазарната економија, не е добро да се замижува пред ризиците на кои се изложени особено чувствителните групи жители, кои живеат на работ на сиромаштијата и кои чувствуваат најголем пораст на цените на храната. Владата на Република Хрватска го препозна овој проблем со воведување ценовни ограничувања за одредени прехранбени производи. Покрај горенаведеното, покрај претходните пакети помош кои многу им помогнаа на граѓаните и на стопанството во овие предизвикувачки времиња, а поврзани со ограничувањето на цената на струјата, гасот и горивото, најновиот пакет мерки за помош на Владата на Република Хрватска обезбеди исплата на еднократна парична помош за пензионери, корисници на додаток за деца, корисници на права во системот на социјална заштита, жртви од земјотрес и невработени лица. Мислам дека треба понапорно да работиме на поконзистентна примена и контрола на имплементацијата на Законот за заштита на пазарната конкуренција, како и на Законот за забрана на нелојална трговија во синџирот на снабдување со храна, со што дополнително може да се избалансира поскапувањето. Побарав многу порано да се реагира на неправедното однесување на трговските синџири, кои ги покачуваа цените на производите во текот на минатата година и покрај тоа што владата го намали ДДВ-то за храна. Кога видов дека оваа тема се врти како мачка околу врелата каша, му предложив на Комитетот за земјоделство на хрватскиот Сабор со кој јас претседавам, а од кој добив поддршка, да побараме акција на Агенцијата за заштита на пазарната конкуренција, која презема конкретни чекори врз основа на нашите апликации.

**Оваа летна сезона земјите од регионот се соочија со недостиг од работна сила. Хрватска е една од земјите каде што голем број сезонски работници од Македонија заминаа на работни позиции. Како можат властите на секоја земја да помогнат со мерки за задржување на младите во нивните родни места?**

Иако трендот на напуштање на руралните средини е присутен во цела Европска



Петир: „Гостопримството на македонскиот народ заедно со ено-гастро понудата и природните убавини на Македонија е добитна комбинација за привлекување туристи."

Унија, алармантните податоци од Пописот од 2021 година потврдуваат дека 195 населени места во Република Хрватска немаат ниту еден жител, додека повеќе од 700 хрватски села се на работ на целосно исчезнување. Депопулацијата на хрватските села претставува сериозен проблем за националната безбедност затоа што нема кој да ја заштити хрватската територија ако останат селата празни, но и за иднината на земјоделското производство, кое не постои без работна сила и генерациско обновување. Во оваа смисла, од европско ниво, неопходно е да се препознаат различностите и потребите на европските рурални средини. Треба да ги прашаме жителите на руралните средини што им треба за да останат да живеат на село, а земјоделците што им треба за да се занимаваат со земјоделство, да продолжат да произведуваат храна и да останат да живеат во руралните средини. Треба да се обезбеди достапност до основните услуги во руралните средини, како што се реконструкција на патишта, воспоставување широкопојасен интернет, поштенски услуги, банки, здравствена заштита и социјална заштита. Државата во последните години инвестира значителни средства во изградба на градинки и училишта во руралните средини, а сè повеќе општини им даваат финансиска помош на младите при купување на нивниот прв имот за да можат да останат во родниот град. Со компензација на државно ниво за секое новородено дете, локалната администрација со своите мерки поддржува и демографско обновување.

**Често ја посетувате Македонија. Но, колку често ги посетувате природните убавини на нашата земја?**

Сум била неколку пати во Македонија, но секој пат доаѓам на ден-два и се трудам да имам што повеќе состаноци, па, за жал, досега немав можност да уживам во вашата природна убавина, иако покрај Скопје, сум ги посетила и Охрид, Тетово, Битола, Прилеп, Крушево. Во Македонија навистина има што да се види, а на мојата листа на приоритети дефинитивно е да шетам по планинските врвови (на крајот на краиштата, јас сум планинар) и да ги посетам националните паркови.

**Што недостига во Македонија за да се зголеми посетеноста од повеќе туристи?**

Прашањето за туризмот е прашање на промоција, а денешните туристи сакаат да добијат целосни информации и се сè попребирливи, па мораме да знаеме како им се обраќаме и што им нудиме. Масовниот туризам повеќе не е во мода, туристите сакаат целосна посветеност и искуство, па гостопримството на македонскиот народ заедно со ено-гастро понудата и природните убавини на Македонија е добитна комбинација за привлекување туристи.

**Кои се вашите идни планови и заложби на политичката сцена? Кои се вашите нови предизвици?**

Јас сум претставник во хрватскиот Сабор и претседател на Комисијата за земјоделство. Имам многу обврски и активности и целосно сум ѝ посветен на работата што ја работам. Следната година е изборна година во Хрватска и имаме парламентарни, европски парламентарни и претседателски избори. Јас планирам да учествувам на еден од тие избори.


UTMS JOURNAL OF ECONOMICS
Volume 12 Number 2 Print ISSN: 1857-6974
December 2021 Electronic ISSN: 1857-6982
www.utmsjoe.mk
Contents
Research Papers
Guest Editor
Prof. Martina Sopta, PhD
University of Tourism and Management in Skopje
www.utms.edu.mk

# КОМПАРАЦИЈА



## КАДЕ НА БАЛКАНОТ МОЖЕ ДА СЕ НАТОЧИ НАЈЕВТИНО ГОРИВО?

**Нафтениот пазар во земјите од регионот се менува од ден на ден. Цените кои го достигнаа својот пик, почнаа да паѓаат, но не доволно за да ги израдуваат возачите. Горива не можат да се наточат ниту по приближно исти цени од оние кои важеа пред пандемијата и енергетската криза. На крајот на мај, сите почнуваат да ги планираат своите годишни летни одмори. Не е тајна дека туристите од регионот повеќе патуваат со сопствени автомобили, а поретко користат авионски превоз, особено на поблиските дестинации. Во продолжение, направивме споредба на цените на нафтените деривати во различни земји на Балканот.**

Регулаторните комисии за енергетика во земјите од регионот најчесто еднаш неделно донесуваат одлуки за регулираните цени на нафтените деривати. Некои од нив имаат и либерализирани цени, а некои сè уште „играат“ со маржите на трговците, за да можат што повеќе да ги заштитат граѓаните од ценовни шокови поврзани со движењето на цените на нафтените деривати на светските берзи.

## МАКЕДОНИЈА СО НАЈНИСКИ ЦЕНИ НА ГОРИВАТА

Компаративната анализа покажува интересни податоци. Токму, Македонија има најниски цени на горивата во регионот. Со цена на дизелот од 1,10 евра по литар, цена на бензинот од 95 октани од 1,26 евра по литар и на 98-ката од 1,29 евра, земјава е лидер на Балканот според цените на нафтените деривати. Сепак, треба да се има предвид дека ова посебно не ги радува возачите, бидејќи земјава исто така е на најниските нивоа според платите на работниците, па трошокот за гориво сè уште останува доста висок како процент од месечната заработувачка. Дополнително, ако сакаат Македонците да летуваат во некоја соседна или подалечна држава, трошокот за превоз ќе им биде прилично голем.

## ХРВАТСКА ВЕДНАШ ЗАД МАКЕДОНИЈА

Изненадувачки, втора држава според најниските цени на горивата е Хрватска. Таму 95-ката чини 1,32 евра, 98-ката 1,67 евра, додека дизелот се продава за 1,23 евра по литар. Сепак, треба да се има предвид дека тамошните регулаторни власти одредуваат цени на секои две седмици, а не еднаш неделно, па затоа во одредени периоди можеби се чини дека горивата се поевтини, додека друг ден можат лесно да преминат во највисоката категорија. Исто така, Хрватска и Словенија ги регулираат цените надвор од главните автопатишта. Треба да се знае дека на бензинските пумпи на главните патни правци се точи значително поскапо гориво споредено со пумпите во градовите и селата.

Инаку, Владата на Хрватска постојано има мерки за да го заштити стандардот на граѓаните во овој случај. Малопродажните цени на нафтените деривати се формираат по формула споредено со претходните 14 дена, но со значително снижување, односно ограничување на премијата од 0,09 евра по литар за бензините и дизелот, 0,05 евра по литар за синиот дизел, 0,82 евра по килограм за боца пропан-бутан.

**Хрватска има ниски цени споредено со животниот стандард.**
*Извор: bp-jozinovic.eu.hr*



## БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Веднаш зад Хрватска, Босна и Херцеговина е на трето место според најниските цени на нафтените деривати. На крајот на мај, литар 95-ка чини 1,34 евра по литар, 98-ката се продава за 1,53 евра, а дизелот за 1,29 евра по литар.

Сепак, населението во оваа држава е и тоа како незадоволно и покрај релативно ниските цени, главно поради ниските примања на граѓаните кои во изминативе две години не растеле согласно стапките на инфлација.

Главна причина за револтот на граѓаните е неприфаќањето на предлогот за укинување на акцизите на горивата и промените во Законот за данок на додадена вредност, според кој, требало да се воведе прогресија кај овој данок, со намалување на ДДВ-то за нафтените деривати да се намали, а со зголемување на стапките за луксузните добра.

Синдикатите барањето за укинување на акцизите и намалување на ДДВ го доставиле уште во февруари минатата година, но оттаму се пожалиле дека политичките партии намерно калкулирале и го одложувале неговото ставање на дневен ред. Состојбата дополнително ја влошил и фактот што Босна и Херцеговина е федерација, па за ваквите одлуки е потребна согласност од различните кантони, што дополнително го усложнува процесот. Кон средината на април, овие барања и официјално се отфрлени, односно не се изгласани од парламентот.

Додека делегатите се „правдаат" дека во меѓувреме цените на горивата се спуштиле на слично ниво како во времето кога измените биле предложени, од босанскиот синдикат жестока реакција. Од Сојузот на независни синдикати на БиХ, велат дека кога цените достигнуваат одредено високо ниво, тешко се враќаат назад и дека едни од главните виновници биле инспекциските служби кои не го контролирале наплаќањето на повисоките маржи на трговците.

„Во земјите од западна Европа, кога ќе паднат цените на барел нафта, тоа се гледа и на бензинските пумпи и на полиците во маркетите. А ние тоа го чувствуваме само кога треба да се подигнат цените нагоре. Мислам дека таквата политика на дистрибутерите и трговците има тивка согласност од Владата, за да се слеат повеќе пари од даноци во буџетот", вели Селведин Шаторовиќ од Сојузот на независни синдикати на БиХ.



Селведин Шаторовиќ, претседател на Сојузот на независни синдикати на Босна и Херцеговина.

## ЦРНА ГОРА

Црна Гора се наоѓа меѓу земјите со поевтини горива во регионот, па ако се има предвид дека таму платите прогресивно растат, се чини дека превозот за тамошните граѓани и не би требало да биде некое големо оптоварување. Цените се движат од 1,33 евра за литар дизел до 1,53 евра за бензин од 98 октани. Во Црна Гора, акцизите на горивата беа ограничени од истиот период минатата година. Сепак, владата на Дритан Абазовиќ реши постепено, на секои две седмици до еден месец, да ја зголемува акцизата на старите нивоа согласно намалувањето на цената на нафтата на светските берзи.



**Цените во Црна Гора се менуваат на секои две недели.**
*Извор: republika.rs*

## СЛОВЕНИЈА

Словенија важи за земја со највисок стандард во регионот, но ако ги погледнете цените на горивата, ќе забележите дека тие се и тоа како прифатливи за џебот на населението. Според цените на горивата, оваа држава се наоѓа на средина на листата. Литар 95 чини 1,39 евра, литар 98 се продава за 1,66 евра по литар, додека цената на дизелот изнесува 1,42 евра по литар.

Во Словенија цените на нафтените деривати на неделна основа се регулираат од 21-ви јуни минатата година. Посебни цени има за главните автопатишта и експресни патишта, односно тој пазар е либерализиран. Регулираната цена на литар бензин од 95 октани и цената на дизелот на словенечките регионални патишта се преутврдува секој втор вторник од минатиот јуни.

Формулата за регулирање на цените често се менуваше во последните година и пол. Цената беше зголемена – или подобро кажано – беа спречени поголеми намалувања, со еколошки давачки за оптоварување на животната средина со емисии на јаглероден диоксид и придонес за енергетска ефикасност. Во минатиот август се зголеми и дилерската маржа (од 0,0591 евра за литар дизел на 0,0983 евра, со бензин од 0,0607 евра до 0,0994 евра за литар). Почнувајќи од минатиот декември, дел од формулата повторно е биокомпонента, која особено го поскапи дизел-горивото (или подобро кажано ги спречи повисоките цени) за неколку центи. Зголемени се и маржите за дизел-горивото и маслото за греење.

Доколку владата не се меша во поглед на еколошките такси, акцизите и маргините за трговците, цената би била речиси половина евро пониска од пред една година.




**Во Словенија точењето гориво на автопатите е поскапо.**
*Извор: ostro.si*



**Вјолди Данај: „Албанците плаќаат поскапа нафта од онаа на берзите.“**
*Извор: apel media*

## АЛБАНИЈА

Цените на нафтата на берзата паднаа на нивоата што беа пред војната во Украина. Сепак, се чини во Албанија цените како да не се намалуваат согласно светската динамика. Литар 95-ка таму се продава за 1,46 евра по литар, слично како и дизелот, односно цените на двата нафтени деривати се изедначени.

Енергетските експерти во Албанија критикуваат дека наместо пазарна логика, зад одлуките за цените стои штитењето на крупни бизнис-интереси во нафтениот сектор.

Вјолди Данај, експерт за економија, неодамна за тамошните медиуми изјавил дека цената на нафтата во Албанија е „значително повисока“ од она што всушност се продава на берзата тврдејќи дека треба да биде најмалку 50 центи поевтина. „Изгледа како владата да им ги остава 50-те центи на компаниите, а тоа е нешто навредливо“, рече тој.

Жестоките реакции во Албанија за високите цени на горивата ги натера властите да почнат да ги бранат своите одлуки. Одборот за транспарентност соопшти дека строго го следи движењето на цените на Медитеранската берза „Platts“ за дизел, бензин, како и официјалните фактури на операторите.

Министерството за финансии и економија, пак, објаснува дека секое движење на берзата за сурова нафта не се одразува истовремено и во иста мера на берзата за дизел и бензин.

## СРБИЈА

Неочекувано, на врвот на листата, со едни од највисоките цени на нафтените деривати се најде Србија. Кај нашиот северен сосед, 95-октански бензин се продава за 1,53 евра, исто како и дизелот, додека бензинот од 98 октани чини 1,63 евра за литар.

И покрај високите цени, тие во последниве неколку недели континуирано паѓаат. Инаку, во Србија малопродажните цени на пумпите се одредуваат според Правилникот за ограничување на цените на горивата, кој беше донесен кон средината на февруари минатата година, а чија важност се продолжува секој месец.

Незадоволството во Србија од високите цени на горивата кулминираа со незадоволството на земјоделците, кои излегоа на петдневни протести. Меѓу другото, тие бараат субвенции за трошокот за нафта. Српската влада се обврза да не им пресметува и наплатува акцизи и данок на додадена вредност за 100 литра по хектар.

**Високите цени на нафтата, меѓу другото причина за протести на земјоделците во Србија.**
*Извор: politika.rs*



## КОСОВО

Косово се најде убедливо на првото место според најскапото гориво. Едно и пол евро, граѓаните на Косово плаќаат и за бензин и за дизел. Ова е дури и поевтино, бидејќи на почетокот на мај литар нафта се продавала и за евро и 73 центи. Сепак, не сите малопродажни капацитети ја зголемуваат цената идентично. Се чини дека во вакви услови, трговците калкулираат со маржите поради големата конкуренција, па на некои бензински пумпи може да се најде и поевтино гориво.

| ДРЖАВА | 95 | 98 | ДИЗЕЛ | ДАТУМ НА ПРОМЕНА |
|---|---|---|---|---|
| СРБИЈА | 1,53 евра | 1,63 евра | 1,54 евра | 19.05.2023 |
| ХРВАТСКА | 1,32 евра | 1,67 евра | 1,23 евра | 16.05.2023 |
| КОСОВО | 1,55 евра | / | 1,55 евра | 19.05.2023 |
| ЦРНА ГОРА | 1,49 евра | 1,53 евра | 1,33 евра | 19.05.2023 |
| БиХ | 1,34 евра | 1,53 евра | 1,29 евра | 19.05.2023 |
| СЛОВЕНИЈА | 1,39 евра | 1,66 евра | 1,42 евра | 21.05.2023 |
| АЛБАНИЈА | 1,46 евра | / | 1,45 евра | 19.05.2023 |

## ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ ВО ЕВРОПА

На европскиот континент цените варираат согласно движењата на цената на нафтата на светските берзи. Бензинот од 95 октани е најевтин во Молдавија (1,19 евра по литар), во Романија (1,30 евра) и во Унгарија (1,43 евра). Најскапо се продава во Исланд. Во оваа земја тој надмина две евра и се продава за цена од 2,10 евра. Следуваат Финска и Франција со цени од 1,9 евра по литар, додека во соседна Грција е исто така прескап, со цена од 1,83 евра за литар.

98-ката во Европа, исклучувајќи ги земјите од Западен Балкан, е најевтина во Романија (1,41 евро), во Унгарија (1,51 евро) и во соседна Бугарија (1,54 евра). Најскапо се продава, пак, во Финска, Грција, Италија, Холандија, Норвешка и Швајцарија, каде што неговата цена надминува две евра.

Дизелот исто така држи висока цена во Исланд, каде што се продава за 2,07 евра, додека најевтин е во Бугарија (1,27 евра), Литванија (1,33 евра) и во Романија (1,31 евро).

**Најниски цени на горивата имаат Романија и Молдавија.**
*Извор: profit.ro*





Промоција на додипломци и последипломци на Универзитетот Скопје.


Т ЗА ТУРИЗАМ
АЏМЕНТ
ОПЈЕ

# Superbrands

UNIVERSITY OF TOURISM AND MANAGEMENT SKOPJE




AN INSIGHT INTO SOME OF THE STRONGEST BRANDS IN THE ADRIATIC